„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

ЕМИСИЈАТА „ТРЕТА ДОБА“ СЕ ЕМИТУВА СЕКОЈА САБОТА ВО 13.30 ЧАСОТ НА МТВ 1 ПО ЕМИТУВАЊЕ НА ВЕСТИТЕ. ЕКИПАТА МЕСЕЧНО ПОДГОТВУВА 2 ПРЕМИЕРНИ ИЗДАНИЈА, А ПО ЕМИТУВАЊЕТО НА ПРЕМИЕРАТА, СЛЕДНАТА САБОТА ВО ИСТИОТ ТЕРМИН СЕ ЕМИТУВА РЕПРИЗНОТО ИЗДАНИЕ ЕМИСИИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНО СЕ РЕПРИЗИРААТ ВО ДРУГИ ТЕРМИНИ, НА МТВ 1 И НА САТЕЛИТСКАТА ПРОГРАМА

СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

29 ноември 2024 година
број 195

Година XVII Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660

## Мултиетнички средби во пријателска атмосфера





Терминот на емитување на емисијата „Трета доба“ се менува и не е постојан од програмски причини на МТВ

## ВО ОВОЈ БРОЈ...

НЕЗАБОРАВНИ МОМЕНТИ стр. 3
АКТИВНОСТИ НА ЗП стр. 4 и 5
ПРОСЛАВИ стр. 7
РЕНОВИРАН КЛУБОТ ЛИСИЧЕ стр. 8
КУЛТУРА стр. 9

ЛИЧНА КАРТА НА ЗП БЕРОВО стр. 10
МОЗАИК стр. 11
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12
ЗДРАВЈЕ стр. 13
ИНФО стр. 14
ЗАБАВА стр. 15
ДАЛИ МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО Е СОЛИДАРНО СО ПЕНЗИОНЕРИТЕ? стр. 16

# МАКЕДОНСКИОТ И СРПСКИОТ СОЈУЗ НА ПЕНЗИОНЕРИ ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ВО БЕЛГРАД



**Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Сојузот на пензионерите на Србија на 15 ноември 2024 година во Белград потпишаа Меморандум за соработка и размена на искуства во интерес на материјалниот статус на пензионерите, како и за заштитата на пензионерските права, усогласувањето на пензиите и нивната редовна исплата и друго.**

➡ стр. 3

## Донесена проширена позитивна листа со девет нови лекови, во која учествуваше и СЗПМ со свои предлози

Конкретно, на товар на ФЗО на РСМ ќе бидат антикоагулансите Prasugrel i Ticagrelor, Nebivolol, Perindopril, Valsartan, Fenofibrate, лекови против висок притисок и високи масти, како и Escitalopram, Memantine, Duloxetine, кои се антидепресиви и лекови за третирање деменција.Лековите се објавени во „Сл. весник на РСМ“бр. 174 од 21 август 2024 година. Се применува од 15 септември 2024 година и доставено е до аптеките.

➡ стр. 13

## Продолжува серијалот на средби на Здруженија на пензионери и на претседателите на нивните ограноци со Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова

Одржани се средби со ЗП Прилеп и ЗП Солидарност - Аеродром. На средбите е констатирано дека истите се користи за Сојузот и за Здруженијата, бидејќи се согледани резултатите и проблемите кои се случуваат во Сојузот, Здруженијата и во Ограноците како основни клетки во пензионерското организирање.

➡ стр. 2

ЌЕ ИЗЛЕЗАТ
19 декември
- Прилог за пензионери во „Коха“
27 декември
„Пензионер плус“

Седница на Извршен одбор на СЗПМ

# Усвоени Финансискиот извештај на СЗПМ за јануари - септември 2024 година и Одлуката за измени и дополнување на Финансискиот план за 2024 година

Согласно со член 23 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Извршниот одбор на Сојузот одржа седница на 12 ноември 2024 година. На истата покрај членовите на ИО, присуствуваше и Митре Стојаноски, претседател на Надзорниот одбор на Сојузот.

На почетокот на седницата членовите на Извршниот одбор со едноминутно молчење му оддадоа почит на починатиот Претседател на Собранието на СЗПМ м-р Илија Адамоски.

На седницата, како што е вообичаено, Претседателката на Сојузот Станка Трајкова информираше за настаните во периодот меѓу двете седници и за активностите кои престојат до крајот на годината. Меѓу другото информираше и за тоа дека делегација на СЗПМ ќе отпатува во Белград каде што ќе биде потпишан Меморандум за соработка помеѓу Сојузот на пензионерите на Србија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со кој ќе се официјализира досегашната соработка меѓу сојузите, како и меѓу здруженијата нивни членки. Исто така, Претседателката Трајкова информираше дека одржани се две меѓуетнички средби во Гостивар и Тетово, а одржана е и седница на Координативното тело на активите на пензионерки во Гостивар.



По нејзиното излагање беа разгледани и усвоени Финансискиот извештај на СЗПМ за јануари – септември 2024 година, за кои концизно излагање имаше Менка Темелковска, секретар на ИО на СЗПМ, а оцена за овие документи во името на Надзорниот одбор даде и претседателот на НО Митре Стојаноски.

Од дискусијата се констатираше дека во периодот јануари – септември 2024 година, се работело домаќински и според програмата и планот. Што се однесува до Одлуката за измени и дополнување на Финансискиот план тоа е заради настанатите измени во Програмата на Сојузот за 2024 година, односно заради промени на приходите и расходите. Финансискиот извештај на СЗПМ за јануари – септември 2024 година и Одлуката за измени и дополнување на Финансискиот план за 2024 година едногласно беа усвоени.

На седницата беа донесени повеќе одлуки, меѓу кои и Одлука за пополнување на членови во органи, тела и комисии на Сојузот, на испразнети места заради различни причини.

**СЗПМ**

ЗП Прилеп

# Сите проблеми ги решаваме заедно и другарски

На 25 октомври 2024 година претседателот на Извршниот одбор и на Здружението на пензионерите од Прилеп Славко Трајкоски и претседателот на Собранието на здружението, заедно со сите 22 претседатели на ограноците првпат оваа година присуствуваа на работна средба во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со Претседателката на Сојузот Станка Трајкова. Покрај Претседателката Трајкова на работната средба присуствуваа и потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку и секретарот Менка Темелковска.



Средбата започна со едноминутно молчење со кое му беше оддадена почит на неодамна починатиот претседател на Собранието на СЗПМ и долгогодишен активист м-р Илија Адамоски кој на оваа функција беше делегиран од ЗП Прилеп.

На почетокот Претседателката Трајкова на присутните им посака срдечно добредојде изразувајќи задоволство што ќе може изворно да слушне од претседателите на ограноците за нивните резултати, активности и проблеми.

Претседателката Трајкова накусо, но концизно ги информираше присутните за активностите на Сојузот во изминатиот период, како и за понатамошната соработка на Сојузот и неговите членки здруженијата на пензионери, потенцирајќи



дека ЗП Прилеп е едно од најголемите и најактивни здруженија кое може да им служи за пример на другите во секој поглед. При тоа им го честиташе освојувањето на пехарот како најдобро здружение на 28–те републички пензионерски спортски игри што се одржаа оваа 2024 година на 10 септември во комплексот „Њу стар“ во Скопје.

Потоа се заредија со свои излагања сите 22 претседатели на здружението од кои некои за првпат беа дојдени во Сојузот. Од излагањата можеше да се констатира дека добро работат, речиси сите имаат клубови или работни простории освен неколку рурални ограноци, но и за нив се прават напори да им бидат обезбедени и дека заедништвото им е карактеристична црта. Сите до еден истакнаа дека одлично соработуваат со раководството на здружението во решавање на сите проблеми кои ги решаваат во од'. Дека учествуваат во сите активности на здружението, но имаат и свои сопствени. Дека континуирано се бараат нови форми на активности покрај традиционалните.

На крајот зборуваше претседателот на ИО и на ЗП Прилеп Славко Трајкоски кој рече дека е задоволен од работата со претседателите на ограноците со кои сите проблеми ги решава заедно на другарски и пријателски начин.

Потоа беа донесени следните

Констатации и заклучоци:

Средбата се оценува како многу корисна и би било добро да има што почесто вакви средби;

Работата на ограноците е на посакуваното ниво што се гледа од излагањата;

И понатаму како и до сега здружението, но и ограноците сами да организираат екскурзии на кои пензионерите си плаќаат сами;

Ограноците соработуваат меѓусебно и разменуваат искуства;

Да им се помогне на руралните ограноци во секој поглед; Ограноците имаат одлична соработка со раководството на здружението;

Да се продолжи со давање секаков вид помош на членови со ниски пензии и друго.

Сите заклучоци едногласно беа прифатени.

**К. С. А.**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Добрата соработка со здружението, Сојузот и со локалната самоуправа резултира со 7 добро опремени клубови во 5 ограноци

Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 8.11.2024 година Претседателката на Сојузот Станка Трајкова одржа работна средба со претседателот на Здружението на пензионери Солидарност – Аеродром Никола Маркоски,претседателот на Собранието Тодор Тодоровски, секретарот на ИО Манојло Дамевски и претседателите на петте ограноци. Покрај Претседателката Трајкова на работната средба присуствуваа и потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку и секретарот Менка Темелковска.

На почетокот Претседателката Трајкова ги поздрави присутните и рече дека ова е нова форма на Сојузот која се покажа како многу корисна. Средбата е дел од серијалот на вакви средби која се покажа добра за сите. Средбата нема официјален дневен ред, нема да има записник, но ќе има белешка и напис во весникот „Пензионер плус“ како трага и доказ за работата на Сојузот и неговата соработка со неговите членки.

– Иако сите имаме слични активности и програми, сепак се разликуваме и имаме свои специфичности а на овие средби разменуваме искуства. Денес ќе слушнете за работата на Сојузот, но ќе слушнеме и за работата, активностите и проблемите во ограноците каде што реално се одвива пензионерскиот живот.

Што се однесува до Сојузот продолжуваме со традиционалните активности како што е барање за поместување на границата за ослободување



на партиципација од 18 илјади на 22 илјади. Во моментов се подготвуваат извештаи за 2023 година и програми за 2024 година на сите нивоа кои треба да се достават до Сојузот. Оваа година со ЗП Ѓорче Петров и ЗП Македонска Каменица бев и јас во Љубљана на Меѓународниот фестивал на трета животна доба на кој фолклорно се претставивме но имавме и средба со Претседателката на Сојузот на Словенија со која разменивме искуства и дознавме некои работи кои ќе се обидеме да ги имплементираме овде во нашата држава.

На 25 ноември ќе се потпише меморандум со Сојузот на пензионери на Србија со кој ќе се официјализира соработката која и сега постои. Што се однесува до вашето здружение кое постои веќе 15 години како сериозен граѓански субјект, имам пофални зборови, како едно од поголемите здруженија, со претежно урбани ограноци и кое се разликува од другите здруженија по Клубот на љубителите на книгата, Историската секција и најновата секција „Во здраво тело – здрав дух“. ЗП Солидарност – Аеродром е современо здружение во кое се одвива квалитетно пензионерско организирање.

Потоа свои излагања имаа и претседателите на сите пет ограноци на здружението од кои некои за првпат беа дојдени во Сојузот. Од излагањата можеше да се констатира дека 7–те клубови добро работат. Сите имаат простории благодарение на поддршката од здружението и одличната соработка со локалната самоуправа. Сите до еден истакнаа дека одлично соработуваат со раководството на здружението во решавање на проблемите и информирани се за сè што се случува во здружението и во Сојузот редовно и навремено, што значи дека информирањето добро функционира. Интересна беше информацијата дека Пензионерскиот дом иако е во сопственост на ПИОМ, за неговото одржување и функционирање се грижи ЗП Солидарност – Аеродром, односно огранокот на чија територија е Домот, што е за секоја пофалба.

Претседателот на ЗП Солидарност – Аеродром Никола Маркоски зборуваше на крајот од средбата. Тој се заблагодари за средбата и можноста да дојдат во Сојузот, а некои и за првпат. Рече дека здружението добро работи, но се разбира дека секогаш може и подобро. Грешки имало и ќе има, но од нив треба да се извлече поука и да се исправат.

На крајот беа донесени следните заклучоци:

- Ваквите средби се потребни и многу корисни;
- Соработката со Сојузот и ЛС треба да продолжи, како и соработката меѓу ограноците;
- Доброто информирање резултира со добри резултати, така треба и да продолжи;
- Одржување на ваквите средби треба да продолжи.

Сите заклучоци едногласно беа прифатени од присутните.

**К. С. Андонова**

# Македонскиот и српскиот сојуз на пензионери потпишаа Меморандум за соработка во Белград

Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Сојузот на пензионерите на Србија на 15 ноември 2024 година во Белград потпишаа Меморандум за соработка и размена на искуства во интерес на материјалниот статус на пензионерите, како и за заштитата на пензионерските права, усогласувањето на пензиите и нивната редовна исплата и друго.

– Многу значајно прашање што е предмет на овој Меморандум, кој претставува потврдување на досегашните активности на двата сојуза на пензионери, се мерките во рамки на пензискиот систем и унапредување на активностите надвор од пензискиот систем во доменот на здравството и социјалното осигурување, спортските и културните активности и инклузивните активности на корисниците на пензија во општеството, бидејќи пензионерите со пензионирањето не се пензионираат и од општеството, туку избираат иднина и живот продолжувајќи да даваат свој придонес во повеќе области, а најмногу во области поврзани со пензионерите, – истакна меѓу другото Станка Трајкова, Претседателка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

– Потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу двете национални пензионерски организации од Србија и Македонија е во духот на политичките односи кои во последните години се во нагорна линија. Двата сојуза со ова потпишување ја верификуваат досегашната соработка на нашите пензиски организации и ја издигнуваат на национално и меѓудржавно ниво, со што практично создаваме формално правни претпоставки соработката да ја збогатиме и издигнеме уште повеќе, – изјави проф. д-р Андреја Савиќ, Претседател на Сојузот на пензионерите на Србија.

На средбата на сојузите на пензионери на двете држави истакната е потребата од почести средби во функција на унапредувањето на положбата на пензионерите.

Потпишувањето на овој Меморандум е во рамките на Програмата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и на неговите здруженија како правни субјекти. Инаку Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија има соработка и со други држави во опкружувањето и пошироко. Таква соработка Сојузот има и со пензионерскиот сојуз на Словенија, Хрватска и на Албанија, а во иднина ќе се воспостави соработка со други земји.



На средбата делегациите на пензиските сојузи на двете држави имаа богата размена на искуства во врска со законските можности за унапредување на положбата на пензионерите во нивните земји. Беше констатирано дека тие имаат доста сличности, но и доста свои специфичности кои и едните и другите можат да ги вградат во своите сојузи.

На средбата од страна на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија покрај Претседателката Трајкова присуствуваа:



Здравко Петковски, претседател на Комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ, кој е еден од главните основоположници на спортските активности во Сојузот, кои на регионално и републичко ниво се одржуваат веќе 28 години од познатата причина дека спортувањето и физичката активност се многу битни за здравјето на луѓето од третата доба и нивното активно стареење. Спортувањето е прва активност со која почнала соработката меѓу пензионерите на двата сојузи.

На потпишувањето присутен беше и главниот и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“ Калина С. Андонова. Присутните од српска страна дознаа дека „Пензионер плус“ е бесплатен весник наменет за сегашните и за идните пензионери и излегува во 5 500 примероци, а го читаат околу 300 000 пензионери во над 450 клубови, но и нивните семејства.

На средбата присутен беше и Владимир Митревски од Здружението на пензионерите од органите на внатрешни работи на РМ, здружение со кое пензионерите од Србија членови на Здружението на пензионери од органите на безбедност на Србија интензивно соработуваа и редовно се среќаваат со години, особено на спортски план.



Од страна на Сојузот на српските пензионери присутни беа:

м-р Драгана Калиновиќ, помошник на директорот на Републичкиот фонд на ПИО на Србија сега во пензија и претседател на „Покрет трећег доба Србије“; Ружица Белановиќ, претседателка на најголемото здружение во Сојузот на пензионери на Србија, Здружението на пензионери на градот Белград; секретарот на Сојузот на пензионери на Србија Драган Петковиќ и Михаило Петковски одговорен за меѓународни односи при Сојузот на пензионерите на Србија.



Средбата помина во пријатна и пријателска атмосфера на задоволство на двете страни, а прилог за овој настан имаше на повеќе телевизии, заради значењето на настанот.

**К. С. Андонова**

ЗП Гостивар

## Незаборавни моменти

На 23 и 24 септември 2024 година се одржа седница со активите на пензионерките, членки на Координативното тело на пензионерки при СЗПМ, а домаќин беше ЗП Гостивар, на која се реализира дел од годишната програма и заедничките активности со активите во мултиетничка средина. Покрај членките на Координативното тело присуствуваа и претседатели на активите од сите региони.



Претседателот на ЗП Гостивар Нијази Џељиљи го изрази своето задоволство што токму тие се домаќини на седницата на Координативното тело на пензионерките на СЗПМ. Зборуваше за активностите на здружението како мултиетничко здружение во кое функционираат 23 ограноци кои успешно соработуваат меѓу себе.

Домаќинката Вадије Зенџељи се покажа како добра домаќинка и одличен организатор. При разгледувањето на градот беа посетени црквата „Св. Богородица“ и Саат-џамијата во Гостивар.



Вториот ден се размениjа искуства со демонстрација на некои изработки. Заедно подготвија специјалитети од сите краеви на Македонија.

На крајот на дружењето присутните активистки изразија благодарност до претседателката на Активот на пензионерките на ЗП Гостивар, Вадије Зенџељи, што овозможи да имаат незаборавни моменти и докажавме колку може успешно да се соработува со добра организација и добра желба.

**Марија Моневска**

ЗП Тетово

## Мултиетничка средба во пријателска атмосфера

На 20 октомври 2024 по 26-ти пат во Тетово се одржа традиционалната мултиетничка средба на пензионерите на Македонија. Ресторанот „Тетекс-Арена“ беше собиралиштето на пензионерите кои под звуците на музичките групи „Маестро Бенд“ од Тетово и „До Ре Ми“ од Гостивар, на македонски и албански јазик, во величествена атмосфера, поминаа моменти вредни за сеќавање.



На средбата присуствуваше претседателката на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Станка Трајкова, градоначалникот на Општина Тетово Билал Касами, 20 здруженија на пензионери со околу 410 претставници, како и членови на Извршниот одбор на ЗП Тетово и други пензионери од градот домаќин.

Двајцата раководители на ЗП Тетово Јовчевски и Мемети во поздравната реч, нагласија, меѓу другото, дека за градот Тетово претставува задоволство организирањето средба од ваква природа која собира на едно место пензионери од повеќе градови на земјата.

Претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова, обраќајќи им се на присутните пензионери на мултиетничката средба, го пофали ЗП Тетово како извонреден организатор на средби од ваква природа.

„Здружението на пензионери на Тетово има долга традиција на организирање вакви мултиетнички средби. Секој сегмент е добро обмислен и нема простор за пропусти во организирање и одржување на овој,како и на и други собири на пензионери“, подвлече Трајкова. Таа во присуството на градоначалникот на Општина Тетово Билал Касами гледа сведоштво за поддршката што пензионерите ја имаат од Локалната самоуправа.

Градоначалникот Касами во поздравниот говор им упати честитки на пензионерите од целата земја за активностите во третата доба.



Тој го спомна линеарното покачување на пензиите, потврдувајќи дека трендот на покачување на пензиите ќе продолжи и во иднина. „Општина Тетово ќе ги поддржи пензионерите во остварување на нивните програми, а вратите на институцијата која ја раководам ќе бидат секогаш отворени за пензионерите“, изјави градоначалникот Касами.

Од страна на изјавите на учесниците на мултиетничката пензионерска средба, може да се заклучи дека таа е организирана и реализирана на најдобар можен начин досега.

**М. Мурсели**

ЗП Гостивар

## Мултиетничка средба која ќе се памети

На 9 ноември 2024 година Здружението на пензионери Гостивар ја организираше 27-та пензионерска мултиетничка средба, на која учествуваа претставници на 10 здруженија на пензионери од целата





земја, околу 270 пензионери гости и претставници од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Претседателот на здружението на пензионери Гостивар Нијази Џељиљи во поздравната реч нагласи меѓу другото, дека за здружението претставува задоволство да се гледаат заедно толкав број пензионери од повеќе градови од Македонија. Претседателката на Активот на пензионерки при ЗП Гостивар Вадије Зендели рече:

– Среќата најмногу се чувствува кога имаме со кого да ја споделиме. Пензионерите треба да најдат време за забава и да уживаат во поодминатите години. Ние знаеме да организираме манифестации и не дозволуваме никој да ни ги прекине нашите успеси.

Секретарот на ИО при СЗПМ Менка Темелковска, обраќајќи се на присутните на мултиетничката средба ги поздрави и истакна дека ЗП Гостивар е добар организатор на средби од таков вид. Темелковска од името на Сојузот и врачи благодарница на претседателката на Активот на пензионерки Вадије Зендели за исклучителната активност и развој на соживотот и заедништвото во здружението.

Манифестацијата овој пат беше на највисоко ниво досега. Во убавиот амбиент на дружбата се пееја песни на повеќе јазици и со добро расположение.

**Вадије Зендели**

ЗП Лабуништа

# Седница со повод

Извршниот одбор на ЗП Лабуништа, Струшко на 2.11.2024 година ја одржа редовната седница на која беше разгледан дописот од СЗПМ, околу настанатата ситуација во одредени здруженија, поврзани со актуелните состојби во пензионерското организирање. По



ова прашање претседателот Лутвија Салоски, детално ги запозна членовите на ИО, делегатот како и претседателите на двата ограноци од Боровец и Подгорци.

По деталното излагање, имаше дискусија од сите присутни членови на седницата. По обемните дискуси, се констатираше дека не станува збор за некоја масовна организирана појава на протести од пензионерите во Македонија, туку станува збор на мали изолирани групи на пензионери, а здруженито не ги поддржува ниту им дава некакво значење.

– Во нашето здружение има размислување ако продолжат вакви нелегитимни и изолирани протести, ние сме спремни да организираме контра протести.

Претседателот Салоски, рече дека пензионерите треба да ја знаат вистината и да бидат запознаени со сите работи што се случуваат и да им се спротивстават на пензионерите кои ги поддржуваат овие протести кои се во неколку здруженија низ Републиката.

Се истакна дека во здружението во Лабуништа, како и во Сојузот се работи законска, транспарентно и нема злоупотреба на членарината, како и за средствата за посмртнина. Органите во здружението на пензионери, како и во Сојузот се легално избрани за четири години, истакнаа членовите во своите дискусии.

Потоа беа донесени заклучоци кои едногласно беа усвоени, и истите треба да бидат објавени во единствениот весник на пензионерите „Пензионер плус" и во локалната ТВ „Спектра".

**С. Кукунешоски**

ЗП Тафталиџе ДДД

# Констатациите и заклучоците на СЗПМ, Извршниот одбор ги прифаќа во целост

Извршниот одбор на ЗП Тафталиџе ДДД, на 25–тата седница одржана на 24.10.2024 год. во проширен состав со претседателите на ограноците при Здружението, ги разгледа констатациите и заклучоците и по распрвата по нив, го даде следниот одговор:

1. Констатациите и заклучоците, Извршниот одбор ги прифаќа во целост, бидејќи ја отсликуваат во целост правата состојба во пензионерската организација и дека така организирани пензионерите ги остваруваат своите права.

Некои заклучоци можеби требало порано да се донесат по појавата на протестите и новонастанатите состојби со образложение каков е нивниот одраз на пензионерското организирање и работење.

2. Исто така се прифаќа и заклучокот по однос на функционирање на солидарниот фонд и членарина, бидејќи со членарината се обезбедува функционирање на здруженијата и на СЗПМ. Со поднесување на барањето за остварување право на пензија се изјаснува и „дали сте согласни да Ви се одбива дал од пензијата за посмртна помош и членарина" и доколку даде ваква изјава членарината автоматски се преведува на Здружението според подрачјето на општината каде што живее и не пристапуваат во здруженијата со потпишување на пристапници.

Според актите на здруженијата, права може да остваруваат само членови на Здружението кои потпишале пристапница. Се поставува прашањето како овие пензионери кои се согласиле да им се задржува од пензијата дел за членарина, а не пристапиле во Здружението со потпишување на пристапница, и воопшто не сакаат, како ќе остваруваат права.

3. Констатациите и заклучоците преку претседателите на ограноците се доставени до сите ограноци за информирање.

4. Во нашето Здружение до сега не се забележани констатираните појави во заклучоците, ниту Здружението поддржува такви, со укажување на ограноците да ги следат состојбите, доколку има да ги сузбиваат и да го известат Здружението.

5. Констатираните појави, ги следеше Здружението но воопшто не влијаеја, Здружението нормално функционираше и ги остваруваше активностите од својот делокруг на работа утврден со Статутот на Здружението.

6. Се поддржува иницијативата за непосредни средби со претседателите на здруженијата на пензионери заради изградување на заеднички ставови за констатираните состојби со донесување на заеднички заклучок.

Без оглед на констатираните појави, посакуваме натамошна успешна работа.

**Димитрије Димовски**

ЗП Крива Паланка

# Седница на која се поддржани важни документи

На шестата седница на Извршниот одбор, која ја раководеше претседателот на ЗП Крива Паланка Трајча Давидовски, а која се одржа на 18 октомври 2024 година, покрај членовите на ИО присутни беа и претседателите Љупчо Николовски на Комисијата за култура и Драги Петровски на Комисијата за спорт.

По усвојувањето на дневниот ред и записникот од претходната седница, започна разгледувањето на првата точка која е Предлог–статутарна



одлука за услови и критериуми за доделување на еднократна и друг вид помош која има цел да ја олесни работата на Комисијата за здравство и помош и на раководството на ограноците, која едногласно беше усвоена.

Љупчо Николовски, претседател на Комисијата за култура информираше за настапите на фолклорната и вокално–инструменталната група на Регионалната ревија на песни, музика и игри 2024 година. По излагањето се заклучи воведување стимул во фолклорот за поуспешна работа.

Драги Петровски во образложението ги истакна постигнатите резултати на меѓуопштинските и на регионалните спортски игри, како и учеството на Републичката пензионерска спортска олимпијада 2024 година, која е во организација на СЗПМ. Тој истакна дека се постигнати добри резултати, но одзивот за спортисти пензионери е мал, за што е потребно воведување на стимул. Потоа беше избран Грозде Величковски за нов член на Комисијата за спорт.

Беше донесена и одлука за купување фрижидер за потребите на бифето во клубот на пензионери. Се одобри финансиска поддршка и на Стојо Милковски за монографијата за градежништвото во Крива Паланка и градежните работници во осумдесеттите години.

Од страна на претседателот Трајча Давидовски беа прочитани заклучоците и констатациите усвоени од Извршниот одбор на СЗПМ од седницата одржана на 8 октомври 2024 година, кои во целост беа поддржани од Извршниот одбор при здружението на пензионери Крива Паланка.

**Б. Стојчевска**

ЗП Ѓорче Петров

# Октомвриски активности

### Организирани две едукативни предавања од областа на дијабетот и мерење на витамини во организмот

Во првата половина на месец октомври 2024 година од страна на Комисијата за здравство и социјални работи заедно со Верица Мишкова, член на Извршниот одбор, а врз основа на програмата за работа на Здружението на пензионери Ѓорче Петров, беа организирани две едукативни предавањаза правилната исхрана при дијабетот и мерење на витамини во организмот.

Првото предавање беше реализирано во соработка со Клиниката за Ендокринологија, а предавањето го одржа д–р Тања Георгиева.



Второто предавање го реализираа медицински лица од фармацевтската куќа „ЗЕГИН". Предавањата се одржаа во Клубот на жени пензионерки, како и во салата од разгранокот Волково. На истите учествуваа голем број пензионери и посакаа вакви и слични предавања да се одржуваат почесто.

### Доделена хуманитарна парична помош на болни и изнемоштени пензионери како и на пензионери со ниски пензиски примања

Здружението на пензионери Ѓорче Петров повеќе години наназад пред новогодишните празници доделува парична помош на пензионери со ниски пензиски примања. Оваа година ваква помош ќе биде доделена на приближно 150 пензионери.

Исто така, на 15 пензионери кои имаат тешки заболувања ќе им биде доделена парична помош со цел ублажување на нивните секојдневни потреби за набавка на лекови и друг вид потреба.

Здружението на пензионери согласно со Финансискиот план за 2024 година за помош на пензионерите со ниски пензии има планирано 700.000 денари, а за помош на тешко болни и изнемоштени пензионери 200.000 денари.

Овие активности покажуваат дека Здружението на пензионери Ѓорче Петров посветува голема внимание кон своето членство, а особено на социјално загрозената категорија.

**Љ. Ристов**

ЗП Илинден

# Шаховски турнир по повод 23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба

Здружението на пензионери Илинден, Општина Илинден и Јавното претпријатие за комунална хигиена на Општина Илинден го одбележаа 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба со шаховски турнир кој се одржа на 22 октомври 2024 година. На Шаховскиот турнир зедоа учество пензионери од населбите Илинден, Кадино, Миладиновци, Дељадровци и Мршевци, вкупно 16 во машка конкуренција, поделени во две групи по 8 натпреварувачи. Се играше секој со секого. Игрите ги следеа набљудувачи – главно пензионери на оваа интересна и древна игра, омилена на припадниците од третата доба во пријателска и фер атмосфера проследена со размена на искуства, коментари и забелешки.

Присутните на турнирот ги поздрави градоначалникот на Општина Илинден Александар Георгиевски,



кој им посака на учесниците успех и фер натпревари. Покрај градоначалникот на Општина Илинден беа присутни претседателот на ЗП Илинден Васе Ѓорѓиевски и директорот на Јавното комунално претпријатие Борче Мицевски.

По завршување на партиите беа прочитани резултатите, а наградите ги врачи градоначалникот на Општина Илинден Александар Георгиевски. Прво место го освои Трајче Христовски, второто место му припадна на Душко Сурловски, трет беше Миле Спасовски, а на четврттото место се пласира Диме Мицевски.

На крајот градоначалникот на Општина Илинден Георгиевски им честиташе на победниците и посака овој турнир во иднина да биде традиционален.

**Славољуб Зафировски**

ЗП Демир Хисар

# Ноември - полн со активности

Како за крај, на богатата со настапи и активности 2024 година, Здружението на пензионери Демир Хисар со машката игроорна група имаше свој настап, а воедно и ја зборгати Програмата на годишниот концерт на едно од најактивните културно–уметнички друштва во државава, на КУД „Илинден" од Демир Хисар. На покана од претседателот на КУД „Илинден", Славчо Вељановски, демирхисарските игроорци прикажаа само еден мал дел од нивниот богат репертоар на изворни ора, песни и сплетови од Демирхисарскиот крај. Големата концертна сала во Домот на културата беше претесна да ги прими сите љубители на македонскиот фолклор кои таа вечер имаа можност да уживаат во прекрасните кореографии на пензионерите кои со своите ора покажаа и докажаа дека желбата за презентирање на пребогатото македонско фолклорно наследство не ги има одминато ни во третата доба. На барање на програмскиот раководител на годишниот концерт, пензионерите одиграа убаво оро, а пензионерот Драган Мицевски испеа македонска изворна песна.



За затоплување на своите домови, речиси сите пензионери од Општина Демир Хисар користат огревно дрво. За обезбедените количини дрва, неколку години по ред, се ангажира ЗП Демир Хисар. Според зборовите на претседателот на ЗП Демир Хисар Кирило Блажевски, пензионерите навреме ги добија потребните количини огревно дрво т.е. до почетокот на грејната сезона.

Во месец ноември се реализираше една убава екскурзија со посета на духовните македонски светилишта во и околу градот Струмица. 90 пензионери уште од раните утрински часови со 2 автобуса тргнаа кон градот на царевите кули. По кратката пауза и разгледувањето на градот Струмица, пензионерите беа срдечно пречекани од нашите пријатели пензионери од Струмица со кои го посетивме храмот на Светите 15 Тивериополски свештеномаченици. Се на се, една одлично организирана екскурзија во Источниот дел на нашата држава.

**Зоран Стевановски**

ЗП ОВР на РМ

# Одржана работилница за препознавање и заштита од дезинформации

На 22 октомври 2024 година, во просториите на Здружението, триесетина пензионери учествуваа во работилницата на тема „Препознавање и заштита од дезинформации", што беше спроведена од страна на истакнати предавачи од Институтот за комуникациски студии.



Работилницата беше спроведена во две сесии. Во првата сесија се обработуваа темите за: што е дезинформација, какви видови медиумски манипулации има, како дезинформациите влијаат врз нашиот живот и кому да му веруваме и зошто. Во втората сесија се обработуваа темите: како да препознаеме дезинформации и други видови медиумски манипулации, зошто се користат овие техники, каде да пријавиме дезинформации и препораки за заштита од дезинформации и онлајн злоупотреби.

За сите овие теми предавачите посочија и конкретни актуелни примери. Воедно укажаа на повеќе клучни препораки, односно како да се заштитиме. Ни препорачаа за секоја вест и информација да размислуваме критички, да внимаваме, да проверуваме кој ја објавува веста, кој е авторот, дали медиумот има импресум, да не споделуваме информации за чијашто вистинитост не сме сигурни, да ги проверуваме наведените факти од повеќе извори, да не прифаќаме разноразни сомнителни наградни игри, посебно ако се бараат наши лични податоци и др. За сите сомневања, ако забележиме дека на кој било начин сме измамени или е злоупотребен нашиот профил на социјалните мрежи, истото треба да го пријавиме на конкретната мрежа користејќи ги трите точки од десниот горен агол каде што се понудени можности за заштита, а можеме да пријавиме и во Агенцијата за заштита на податоци и во Советот на честа при ЗНМ.

Во рамките на работилницата пензионерите зедоа и активно учество во двете работни вежби што беа спроведени на почетокот и на крајот од презентацијата, на тема „Лажна вест, односно во кои зборови од објавата се крие лагата, или манипулацијата". Исто така, пензионерите споделија и лични искуства за разни измами при купување, ангажмани преку туристички агенции, за разни наградни игри на социјалните мрежи и слично.

Пензионерите им се заблагодарија на предавачите за организираната работилница, која беше многу корисна и едукативна.

**Соња Смилеска**

ЗП Гевгелија

# Есенски активности

По повод денот на старите лица Активот на пензионерки, со поддршка на претседателот на здружението го посети најстариот пензионер во Општина Гевгелија, Митко Хаџиниколов на возраст од 96 години, сè уште витален и расположен за разговор. Тој беше пријатно изненаден од посетата и скромниот подарок. Хаџиниколов е татко на две деца успешни лекари специјалисти на кои е многу горд. Најмногу години од работниот век ги поминал во ф-ка „Керамика" од каде и се пензионирал.



– Тоа беа убави времиња. Денес нема друштво како порано, само тка по пари. Јас не трчам по времето, времето трча по мене. Не се чувствувам осамено, децата ме посетуваат секој ден, имам и добри комшии, – вели дедо Митко. На крајот му посакавме добро здравје, да дочека стотка.

Пензионерите имаа и други активности.

Општинската организација на ЦК Гевгелија продолжува со соработката со ЗП Гевгелија. Така на 1 октомври денот на старите лица се одбележа на малку поинаков начин. Во клубот на пензионерите се собраа повеќе пензионери. Личниот асистент и сертифициран тренер по фитнес и аеробик Ѓурѓица Демирџиева ги воведе гевгелиските пензионери во физичка активност и активно стареење преку едноставни и за нивна возраст приспособени вежби. Оваа нова практика ја покажа грижата на ЦК за старите лица. Пензионерите беа презадоволни и изразија желба почесто да се одржуваат вакви вежби и ова да прерасне во традиција.

На 26 октомври група пензионери беа на „Ракијада" во Валандово и имаа ручек на манастирот Св. Ѓоргија и одлична дружба.

На последната седница на Извршниот одбор беа усвоени повеќе извештаи и одлуки, меѓу кои и одлуката за изготвување на социјална карта на пензионерите.

На 27 октомври околу 120 пензионери беа на „Костенијада" во с. Грива, Грција каде дружбата помина во пријатна атмосфера.



По повод 7 Ноември, Денот на ослободување на Гевгелија пејачката група при здружението настапи и ја збогати програмата на манифестацијата „Фолклорен ѓердан". Некои од пензионерите учествуваа и на трките што беа организирани по повод празникот на градот.

На 11 ноември пензионерите учествуваа на манифестацијата „Пензионерите на велосипеди" и рекреативно возеа до Негорски Бањи и уживаа во пријатното време.

**Јанка Узунова**

ЗП Лозово

# Пензионерско дружење

Здружението на пензионерите Лозово, по повод верскиот празник Параскева – Петковден на 27 октомври 2024 година беше домаќин на повеќе здруженија на пензионери на Македонија, кои заедно со месното население во црквата „Св. Петка", го одбележаа овој ден.



По верските обичаи во црковниот храм, честитки за празникот до пензионерите и гостите упати претседателката на ЗП Лозово, Марија Моневска. Таа добредојде и убав престој во Лозово им посака на пензионерите. На присутните им се обрати и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, покрај поздравите и честитките за празникот, таа говореше и за значењето на пензионерското здружување како и за грижата на ранливите категории пензионери.

Градоначалникот на Општина Лозово, Бошко Цветковски, ги поздрави и им го честиташе празникот на сите. Посебен осврт даде за важноста на пензионерите во целокупниот процес на одвивање во Републиката и во Лозово и ја прогласи средбата на пензионерите за отворена. На средбата присуствуваше и потпретседателот на ИО на СЗПМ, Ментор Ќоку.



Традиционално секоја година едно здружение на пензионери е кум на празникот на црквата. Оваа година беше ЗП Крива Паланка, а за наредната година ќе биде ЗП Пробиштип. Гостите беа послужени со црковен ручек а не изостанаа музиката и дружбата.

**Марија Моневска**

ЗП Кочани

# Импресивна дводневна екскурзија до Охрид....

Седумдесетина пензионери членови на ЗП Кочани, го искористија сончевото и топло време за дводневна екскурзија во Охрид, каде поминаа незаборавни мигови уживајќи во убавините на прекрасното езеро и градот, вклучително и Калишта, на Заливот на коските и сè она што ги привлекува туристите од целиот свет, кои ја слушнале охридската приказна и ги виделе нејзините посебности. Патем, караванот ги посети револуционерното Крушево и прекрасниот манастирски комплекс „Св. Јован Бигорски". Доживувањата на групата пензионери продолжија и со посетите на Вевчани, манастирот „Рајчица" и други попатни знаменитости. На враќање на широко се раскажуваа впечатоците кои долго ќе се паметат.



**Л. Димитров**

ЗП Валандово

# Работилница на бабите со внуците

Во рамките на прославата на Денот на ослободувањето на Валандово, 5 Ноември и одбележувањето на 40-годишниот јубилеј од формирањето на Здружението на пензионери Валандово Активот на пензионерки при Здружението одржа работилница заедно со учениците од средното училиште „Гоце Делчев".



На работилницата учениците покажаа особен интерес за плетење, а активистките беа задоволни од покажаната желба да се научат да плетат или хеклаат. На работилницата присуствуваа и ученици од основното училиште „Јосип Броз Тито", кои читаа свои творби за историјата на градот, за потеклото на името и рецитираа народни песни од валандовското поднебје.

Работилницата ја прогласи за отворена директорката на СУЦ Ташка Гетова, а присутните ги поздрави и претседателката на ЗП Валандово Горица Михајлова. Беа искажани пофални зборови за оваа средба, дружење и желба и за други заеднички средби. Од домаќините беше подготвена закуска и освежителни пијалаци, а од страна на бабите беше послужена сукана баница. На крајот внуците и бабите запеаја стари македонски песни и се дружеа.

**Горица Михајлова**

ЗП Струга

# Заслужен прием за спортистите



Струшките пензионери – спортисти учесници на 28-те републички спортски натпревари кои се одржаа во Скопје, испишаа историја. Се натпреваруваа во повеќе дисциплини меѓу силната конкуренција на 43 здруженија на пензионери од Републиката, и освоија две први места во слободно фрлање на кош – мажи, во состав Јован Јованоски, Ферид Абдуљ и Стефан Голабоски и женската екипа која се натпреваруваше во шутирање на пенали на мали голчиња во состав Марија Ѓура, Виолета Опетческа и Елена Младеноска, кои беа закитени со златни медали.

По тој повод претседателот на ЗП Струга Милорад Трпоски, им приреди прием на нив и на претседателот на Комисијата за спорт Јован Попоски, во просториите на здружението, за ангажирањето на овогодишните натпревари.

Претседателот Трпоски лично и поединечно им се заблагодари за вложениот труд. Тој им посака долг и здрав живот и многу години да се натпреваруваат и да носат победи за себе и за здружението. Со одлука на Извршниот одбор на спортистите им беа врачени по еден пар тренерки.

**С. Кукунешоски**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Здрав дух во здраво тело

Секцијата „Здрав дух во здраво тело" од огранокот „Вардар" при Здружението на пензионери Солидарност – Аеродром, на шести септември 2024 година одржа средба за сите заинтересирани пензионери со тематика „Здрав дух во здраво тело". Воведно излагање имаше Весела Петровска, која даде поимливи одредници на поговорката со назнака на практичните аспекти и значењето во ползувањето на насоките за чување и подобрување на здравјето. Таа истакна дека е потребно да се сфати суштината на оваа порака како потреба и поттик за постојана физичка активност, којашто ја зголемува или одржува физичката форма, општото здравје и добрата состојба.

Оваа активност се практикува поради зајакнување на мускулите и на кардиоваскуларниот систем, подобрување на атлетските способности, губење или одржување на телесната тежина и стекнување мир и задоволство за порелаксирано живеење. Честата и редовна физичка активност го подигнува имунолошкиот систем и помага во превенција од срцевата и кардиоваскуларната болест, дијабетот и прекумерната дебелина. Таа, исто така, го подобрува менталното здравје, ја превенира депресијата и ја зголемува и одржува самодовербата, а може да го подобри и физичкиот изглед.

Излагањето иницираше дискусија за практикувањето на пораките во огранокот. Поздравувајќи ги присутните, најава за такво дружење и посета на црквата во Петровец даде претседателката на секцијата Трпана Димовска, при што наведе уште неколку можни дестинации за патување.

Ваквото дејствување на секцијата го поздрави и Мендо Димовски, при што критички се осврна на недоволната активност на машката популација пензионери. Покрај другото, тој рече дека, ако не повеќе, барем да се следи примерот на оваа секција и активно да се учествува во реализирањето на програмата, потенцирајќи ја потребата и сфаќањето на суштината на физичката и духовната активност, која треба да стане и да остане наша дневна и доживотна навика.

**Весела Петровска**




## НЛБ Сребрен пакет

# Вашата пензија секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**
- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**
- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk Контакт центар: 02 / 15-600



PHARMAVITAL

ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА




# OLIGOSEL

## ПРИРОДЕН АНТИОКСИДАНТ - ЗА ЗАШТИТА НА КЛЕТКИТЕ

## ВИТАМИНИ
А, Ц, Е + СЕЛЕН + ЦИНК

Во чест на ослободувањето на Скопје

# 13-ноемвриски шаховски турнир

Скопските пензионери, вљубеници во шаховската игра, достојно го одбележаа 13 Ноември, годинава по повод 80 години слободно Скопје. Во Домот на АРМ по 22–ри пат се одржа традиционалниот турнир, во организација на Градскиот сојуз на здруженија на пензионери на Скопје, а за домаќин беше определено здружението на Воени пензионери Скопје.



На оваа празнична шаховска средба учествуваа шахисти од здруженијата Воени пензионери, Илинден, Кисела Вода, Солидарност Аеродром, Тафталиџе, Чаир, Шуто Оризари и Бутел. Своето познавање на оваа игра го демонстрираа и шахистите од Солидарност – Аеродром и Центар. Турнирот, со пригодно обраќање, го отвори Томислав Тафтабитоски, претседател на Градскиот сојуз, кој во името на учесниците и во свое име упати честитки по повод 13 Ноември, истакнувајќи дека денешните генерации со право се гордеат со ослободителите на градот, но и дека се должни да се грижат за неговото постојано разубавување и за подобар живот на граѓаните.



Потоа тој го покани поетот Перо Миленкоски, член на екипата од Тафталиџе, да ги поздрави присутните со песната Шахољубие.

Годинешниот турнир, што го следеше претседателот на Градскиот шаховски сојуз на Скопје Ѓорѓи Миновски, помина во мирна, но борбена атмосфера. Четириесетте учесници уште еднаш ја презентираа својата приврзаност кон древната игра. На крајот победници во машка конкуренција беа шахистите од Центар, второто место го освоија натпреварувачите од Солидарност – Аеродром, а трети беа шахистите од Чаир. Во женска конкуренција најуспешни беа пензионерките од Солидарност – Аеродром кои го освоија првото место пред пензионерките од Центар. За најдобар шахист беше прогласен натпреварувачот од ЗП Чаир, Јетула Садику. Годинешното шаховско дружење заврши со честитки проследени со песни и игри.

**П. Миленкоски, С. Зафировски**

ЗП Кочани

# Фолклорна ревија

Големата сала на ЦК „Бели мугри“ беше претесна да ги прими сите љубители на фолклорот, хорските настапи и вокалните интерпретации на пензионерите од пет здруженија, кои ја продолжија традицијата на завршната овогодишна ревија, која на 16 ноември се одржа во Кочани. Меѓународната димензија на ревијата ја донесе Здружението на пензионери Лесковац, чии игроорци и пејачи изнудија бурни и долготрајни аплаузи од публиката. Извонредни беа и настапите на здруженијата на пензионери од Прилеп, Кавадарци, Куманово и од домаќините Кочани. Посебен впечаток оставија рециталот на безвремената „Коштана“, на кумановци, како и „Заветна“, на кочанчани, која во доминантната интерпретација на Драги Јакимов, ја пееше целата сала.

– Ние секогаш им се радуваме на гостувањата во Кочани, каде што веќе имаме цврсти пријателства со нашите домаќини. Покрај фолклорот, пензионерите разменуваат корисни искуства, поврзани со нивното здравје, нивниот статус во општеството. Тоа се гледа на забавите, каде што со срце и душа се пее и се игра. Ние сме една од најдобрите нишки помеѓу двете пријателски држави, – изјави Весна Ѓорѓевиќ одговорна за фолклор при ЗП Лесковац.

Претседателката на ЗП Кочани Јелица Зафирова не го криеше задоволството од интересот што ревијата го побуди кај кочанската јавност.



– Можам да кажам дека петте здруженија понудија извонредна музичка програма, за што сведочат долготрајните скандирања на публиката. Им се заблагодарувам и на претседателите и на претставниците на здруженијата, кои беа дел од овој преубав фолклорен настан. Со овој концерт, практично ја заокружуваме 2024 година, во која нашето здружение оствари значајни активности, на задоволство на целокупното членство.

**Лазо Димитров**

ЗП Центар

# Хуманитарно дело со повод

Здружението на пензионери Центар заедно со Општина Центар, Денот на ослободувањето на главниот град на Македонија Скопје 13 Ноември, го прославија на посебен начин. Имено на самиот ден, заедно со Активот на жени при Здружението, организираа хуманитарен празничен базар „Симит–погача во срцето на Скопје“.

На масата пред Здружението се најдоа голем број пекарски производи што жените ги направија со своите вредни раце, ама и со помош на поддржувачите. Целта беше да се прослави големиот јубилеј 80–годишнината од ослободувањето на Скопје, и со продажбата на печивата да се соберат што повеќе средства за помош на детската клиника во нашиот град. Во овие активности се вклучи и Црвениот крст на Општина Центар, како и повеќе здруженија на пензионери од републикава: Кочани, Пробиштип, Штип, Тетово, Гази Баба, Кисела Вода, Илинден и Здружение на воените пензионери.





На овој убав настан значењето му го зголемија со своето присуство и учество голем број гости. Пред големиот број присутни пензионери, најнапред се обрати претседателот на ЗП Центар, домаќинот Злате Стефановски. Тој ги поздрави присутните и гостите, им го честита големиот празник и се осврна на значењето на манифестацијата и на хуманитарните активности на здружението.



Градоначалникот на Општина Центар м–р Горан Герасимовски како голем поддржувач на активностите на Здружението, во интерес на подобри пензионерски денови на повозрасните, им го честита празникот и ја нагласи подготвеноста на Општината за натамошна соработка околу сѐ она што значи подобар живот на пензионерите.

На свеченото отворање на оваа хуманитарна манифестација се обрати и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова. Таа меѓу другото нагласи дека хуманитарните активности во здруженијата и во Сојузот се пред сите останати кои навистина ги има многу и сите се во интерес на пензионерите од Републиката.

Како што е ред, на овој настан и на овој ден во кој се одбележа големиот јубилеј, 80 години од ослободувањето на Скопје, говореше и претседателот на борците од Општина Центар Петар Јанев. Тој ги потсети присутните на борбите околу ослободувањето на градот и на големата радост на борците и граѓаните по ослободувањето, а одговори и на повеќе прашања на најмладите од Општината, учениците од основното училиште „Коле Неделковски“ кои покажаа големо интересирање за овој историски настан, кои дадоа голем придонес на целиот настан со повеќе свои лични творби посветени на Скопје.

Голем број од присутните донираа средства и во Црвениот крст и во хуманитарната акција купувајќи печива и други производи и од помагачите: Пекарницата Силбо, Бурекчилницата Баки, Слаткарницата Апче и Кафеаната Дебар Маало.

Инаку ЗП Центар во рамките на одбележувањето на Денот од ослободувањето на Скопје, активно се вклучија и во традиционалниот шаховски турнир што со години го организира Општина Центар. Пензионерите од ЗП Центар на овој турнир го освоија првото место во машка конкуренција и второто место во женска конкуренција.

**Ц. Илиева**

ЗП Куманово

# Пензионерите за својот град

Здружението на пензионери од Куманово како секоја година и оваа активно се вклучи во чествувањето и одбележувањето на Денот на ослободувањето на Куманово 11 Ноември. Делегација од ЗП Куманово положи свежо цвеќе во чест на празникот. По повод овој значаен ден за Куманово се одржува традиционално манифестација „Пензионерите за својот град“ која оваа година се одржа на 13.11.2024 година во НУЦК „Трајко Прокопиев“ во Куманово.



– Со манифестацијата „Пензионерите за својот град“ изразуваме почит и благодарност кон паднатите борци за слобода, возвишувајќи ги идеалите за мир и сплотеност. Нашиот фолклор, нашата песна го потврдуваат нашиот идентитет. Со нив ја пренесуваме нашата традиција и ја вметнуваме во нашата иднина. Затоа оваа вечер ќе ја обоиме со уметнички изрази, кои ја претставуваат нашата култура. Ви посакувам пријатни мигови, – истакна во своето обраќање на отворањето, претседателот на здружението Ристо Бошков. На концертот „Пензионерите за својот град“ настапија и фолклорната група од ЗП Кочани и пејачката група од ЗП Виница со што го збогатија настанот. Нивниот настап беше своевидна фолклорна честитка за празникот.






Следеа настапи и пријатни звуци од фолклорните секции на клубот „Гоко Симоновски“ при Здружението на пензионери и солистички настапи со Радослав Илиевски, Симеон Бојаџиевски, Боге Стојановски, како и песните во изведба на хорот и дуетот на Љиљана Тричковиќ и Виктор Спасовски, при Здружението домаќин на манифестацијата.

Не изостана и поезијата. Со свои творби се претставија Лидија Максимовиќ и Мирјана Стојчева – членки на поетскиот клуб Обденица при Здружението на жени „Нада Михајлова“.

Имавме чест да го проследиме и настапот на фолклорната група од Кочани со нивните ора „На три пати“, „Арнаутско„ и „Елено моме“.

Песните „Винички еснафи“, „Низ двор се шета мома Катерина“ и „Ангелино малој моме“, беа песните со кои ни се претставија нашите гости од ЗП Виница.

Следеше инсерт од драмата „Ленче Кумановче“, а во продолжение и фолклорната секција при Здружението со сплетот „Кумановско Поле“. Воедно настапи и ДМА „Срма“ предводена од кореографот Марјан Бошковски со сплетот „Радовишки собор“.



Оваа манифестација беше порака и потстрек за идните поколенија кои треба верно да ја чуваат и продолжуваат нашата богата фолклорна и пејачка ризница која го претставува нашиот идентитет и нашето културно богатство.

**Росица Митиќ**

ЗП Крива Паланка

# Низ активностите во Дневниот центар за активно стареење

Во организација на Општинската организација на Црвен крст на Крива Паланка се организираше еднодневна екскурзија за корисниците на Дневниот центар со активно стареење. Екскурзијата беше организирана под водство на координаторката Елеонора Јосимовска. Со повеќе паузи корисниците стигнаа во посета на храмот „Свети Јован Бигорски“. Го разгледаа, запалија свеќи за здравје за себе и за најблиските, а од манастирот беа послужени со кафе и со чај.

На враќање го посетија изворот Вруток на реката Вардар и Мавровското Езеро каде што имаа заеднички ручек. Месец октомври беше од крајот исполнет со активности во организација на координаторките Емилија Накова и Елеонора Јосимовска



Имаше и работилници каде што до израз дојдоа кулинарските вештини на корисниците и нивниот креативен карактер, со тоа што изработуваа украси со копчиња, со шишарки и глинени украси. Не изостанаа и поучните предавања од стручни лица и од доктор кои беа поврзани со здравјето, односно превентивни мерки против дијабетес по повод неделата на дијабетесот.

Координаторките се потпомогнати од секретарот на Општинската организација на Црвениот крст Маја Стојчевска која е креатор на активностите, бидејќи Дневниот центар за активно стареење функционира во склоп на Црвениот крст на Крива Паланка.

**Б. Стојчевска**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Реновиран клубот Лисиче

Проблемот со деловен простор за огранокот Лисиче при ЗП Силидарност – Аеродром е минато. Благодарение на позитивната одлука на ИО се пристапи кон негово реновирање и проширување со поддршката од локалната самоуправа и Општина Аеродром, каде што објектот е даден на трајно користење. За целокупната активност несебично се погрижи претседателот на огранокот Лисиче Киро Бошковски и договореното стана реалност. Огранокот Лисиче доби



нов лик, зголемен простор, опремен со инвентар и санитарен јазол. Во огранокот ќе има соодветни услови за работа и место за престој на повеќе пензионери. Свеченото отворање на клубот се случи на 28.10.2024 година. Беа поканети градоначалникот на Општина Аеродром со неговите соработници, претседателот на ИО, претседателот на Собранието, секретарот, претседатели на другите ограноци, претседатели на секции, членови на одбори и други.

Добредојде на присутните им посака претседателот на огранокот Лисиче Киро Бошковски кој изрази големо задоволство за отворањето на реновираниот клуб кој ќе биде место за многу незаборавни моменти.

– Ние сме задоволни и благодарни на Општина Аеродром која на овој начин покажува грижа и почитување за пензионерите, – истакна претседателот Бошковски.

Градоначалникот на Општина Аеродром се заблагодари за честа што му е укажана и тој да биде дел од оваа свеченост и потенцираше дека за општината е важно што пензионерите ќе имаат простор каде што ќе се зборати нивната секојдневна активност. Претседателот на ЗП Солидарност – Аеродром Никола Маркоски истакна дека во клубот пензионерите ќе имаат можност да разменуваат идеи, да се дружат и да организираат разни активности. Тој на присутните им посака здравје, среќа и успешно работење во новиот клуб.

**Марија Мишковска**

# Лист од дневникот - почетокот на ноември

Природата заѕлати. Стивна летната жега и оние грозни пожари. Ние садиме дрвја, а тие некако премногу лесно горат. Гореа нашите планини летово. Сега пак се појавија вести за горење на уште една планина, Беласица. Секој нормален човек би се запрашал, како може така одеднаш цела планина да се запали? Несовесни луѓе ли се, овчари ли се, ловци или извршители на некоја тајна агенда? Информации има секакви. Но, треба разумно да се пристапи. Сепак можно ли е разумието за вакви апокалиптични сцени?

Многу е збунувачка зачестеноста. Пред неколку години овде во Малешевијата изгоре 30 километри шума, а сега планината над градот Пехчево гореше со денови. Малешевскиот крај се смета за еден од краевите со најмногу кислород во Европа, а сега како некој да сака да му го земе приматот. Не помина многу време од нашата прошетка по планината, кога цветаше мајчината душичка, кога таа како налутена се разгоре. Нема ли во нејзиното паметење некој светител, како на пример свети Прохор Пчињски кој се подвизувал на планината Козјак, да се помоли за неа и да ја заштити. Или како љубителот на пештерите светиот Гаврил Лесновски, во лесновските планини. Си велам: такво време дошло што мора планините да ги бранат светците.

Љубителите на природата, понекогаш велат, природата била вечна, таа ќе опстанела, иако ние луѓето сме ја загадувале. Но, ете таа – природата пак есенуваше, повторно и оваа година. Се појавија листовите во најразлични бои и секако поладно е. Бојата на сончевите зраци секоја година во есен е златно–жолта, како и листовите. И сите тие премини од зелено во жолто па во црвено и некои меѓунијанси се нешто што никој не треба да го испушти. Но, еве јас го испуштив, не отидов на прошетка во планина на есен. И ми недостасува тоа. Многу ми недостасува.

Природата е благодарна и иако на пазарите не се продава органска храна и таа е многу скапа за обичниот човек, сепак има храна од природата во изобилство. Има сѐ што ти душа сака – рани душа да те слуша – велат. Тие како мене што сакаат убави и едноставни рецепти, ги наоѓаат на интернет. Немам време ниту да си ги запишам. Моите деца се сеќаваат на некои наши заеднички пити од јаболка и колачи, а јас не сум ги запишала. На пример, и јас се сеќавам на уметнички изработените торти и колачи и пити од мојата мајка. Всушност, кога ги разгледувам нејзините доблести сега кога и јас сум во 6–тата деценија, си велам – сѐ што мама ќе направеше беше како мало уметничко дело.

А како една уметничка состојка на овој мој лист од дневникот, ќе речам, секој ден враќајќи се од работа се загледував во прекрасните ширини, ливади и шумички на Беровско поле. Имаше многу натежнати јаболкници, веднаш покрај автопатот. Такво нешто никогаш не сум видела. Не само јаболкници, туку и сливи, секакви. Јаболкниците така оставени, никој не ги бере. А тоа се непрскани дрвја. Наша златна Македонијо, плодна и преплодна! Остани таква, како царица, исполнета и преисполнета со дарови, кои иако не ги береме, барем се насладуваме со нивната убавина! Македонија царува!

**Маја Белева**

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

# Нова измама слична на ТАТ - илјадници граѓани останаа без своите пензии и заштеди

Приказната за брза и голема заработка наречена „Конти“ немаше среќен крај за сите. Додека некои останаа без своите пензии и во долгови, други се подновија со луксузни автомобили. Илјадници Македонци од Кавадарци, Радовиш и Велес биле вклучени во оваа апликација – тие првично вложувале од 50 до 750 долари, но сумата растела по првичниот поврат на вложените пари. Се исплаќало во криптовалути, кои потоа се заменувале во посакуваната валута. Ветувањата биле дека ќе добијат двојно повеќе од вложеното, но немаа сите ваква среќа.

Новинарката Мери Јордановска која прва ги пренесе искуствата на измамените граѓани вели дека голем број од нив биле пензионери.

**„Јас слушнав сведоштва од луѓе во пензија кои буквално целата пензија ја вложувале во вакви и слични апликации и ги изгубиле сите пари. Зборуваме за луѓе на 70-80 години кои остануваат без пензија само затоа што се залажани дека ќе добијат нешто, а вистината е дека од ова заработуваат само оние кои се најгоре во пирамидата. Не постои лесна заработка и за ова граѓаните треба да бидат многу свесни“**, вели Јордановска.

За да се вклучат во шемата, биле повикани од нивни блиски кои со нив сподлелиле позитивно искуство дека заработиле пари. Тоа бил всушност моментот на доверба.

**„Она што е страшно е што сите тие луѓе верувале дека ќе заработат многу пари од овие апликации, бидејќи тоа им било кажано од нивни блиски. А всушност поентата е многу едноставна - тие ’блиски луѓе’, колку повеќе регрутираат други луѓе ’под нив’, толку поголема е нивната заработка. Токму затоа се вели дека е пирамида“**, објаснува таа.

Покрај што требале да вложат пари, од клиентите се барало да ја инсталираат апликацијата „Конти“, да ставаат лајкови на одредени филмови и да регрутираат нови членови во групата. Професорката на Економскиот институт д–р Снежана Костадиноска – Милошеска објаснува како се одвива шемата и зошто луѓето се лажат и вложуваат пари.

**„Вакви пирамидални шеми постојат секаде во светот и тие функционираат така што на луѓето им се ветува поголем поврат на парите од висината на банкарските камати. Банкарските камати се демотивирачки и граѓаните се привлекуваат со тоа што им се ветува дека ќе добијат повеќе ако ги вложат парите во вакви пирамидални шеми. Суштината е во поголемиот профит којшто се нуди и луѓето се заведуваат наместо да стават прст на чело“**, вели таа.

Начинот на кој функционирала апликацијата „Конти“, професорката го споредува со пирамидалната штедилница ТАТ во Битола, во 90–тите години кога голем број граѓани останаа без своите заштеди, а веруваа дека ќе добијат камати драстично повисоки од банкарските. Милошеска додава дека не се случајно избрани ниту граѓаните на кои им било понудено да се вклучат во мрежата.

**„Се знае во кои градови има поимотни граѓани, кои од нив кога го продаваат грозјето, кои имаат поголеми заштеди и ним им се нудат пакети“**, вели таа, но додава дека вакките измами не можат вечно да траат.

**„Целата шема пропаѓа кога кругот многу ќе се раашири или кога првиот ќе се повлече зашто мисли дека доволно ’заработил’ или чувствува дека веќе доаѓа крајот. Тој го собира кајмакот и бега за да има помали последици. Тогаш обично и снемува прилив на свежи пари и не може да се исплатат пари за проширениот круг на клиенти“**, објаснува професорката.

За оваа голема измама не се води случај во МВР. Од таму велат дека тие работат по пријави, а досега ниту еден граѓанин не се обратил ниту до нив ниту до Обвинителството. Ова и не е чудно ако се знае дека граѓаните практично немаат никаков валиден документ со кој би докажале дека вложиле пари.

И додека граѓаните сѐ уште беа во шок бидејќи останаа без своите пари, нова слична апликација се појави на социјалните мрежи. Од Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика во МВР велат дека вакивте појави се зачестени и граѓаните треба да внимаваат на понуди што ветуваат нереално високи приходи за краток период, што е најочигледен знак за измама.

**Соња Петрушевска-Поповска**

*Текстот е изработен од Институтот за комуникациски студии во соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во рамки на проектот „Користи факти“, со поддршка на британската амбасада во Скопје.*


**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XVII – број 195
ноември 2024 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова**
(претседател)
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Гидо Бојчевски

**Редакциски одбор:**
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник
**Васил Пачемски**
уредник
**Членови:**
Баки Бакиу
Верица Тоциновска
Кирил Ристески
Јасмина Тодоровска
Трифун Донев
Димитар Јаковлев

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ Бул. „Кочо Рацин“
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија“

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

ЗП Штип

# Промовирање на собирачката дејност на Иван Котев

Собирачката дејност на народното фолклорно богатство во Македонија има долга традиција и се темели на усни преданија на народниот раскажувач и пренесувач на песни, прикази и други видови народни умотворби, создадени и усно пренесувани од народот. Најголема заслуга за собирачката дејност во Македонија имаат Браќата Миладиновци, Кузман Шапкарев, за југозападниот регион се истакнува Марко Цепенков, а за југоисточниот регион кој не е доволно проучен, се издвојува Иван Котев.



По тој повод на 22 октомври 2024 година во УГД Штип, пред студенти, поети, и медиуми, се одржа промоција на собирачката дејност на фолклористот Иван Котев, претставен со дела и краток филм како жива легенда од професор д–р Ана Витанова – Рингачева, а промоцијата беше проследена со гајдите на професор д–р Горанчо Ангелов и неговиот син. Во таа прилика Ангелов истакна, дека фолклорното богатство со практикување е зачувано како наш опстанок низ вековите.

Рецензентот д–р Ана Витанова – Рингачева, длабоко навлегува во неговото дело и вели, каде би била литературата без собирачката дејност и фолклорното богатство од фолклористите меѓу нашиот народ. Тоа претставува раздиплување на минатото до корените наназад. Иван Котев го внесува призвукот на локалните дијалекти во созвучје со убавата локална лексика, ги втемелува овие умотворби во редот на македонските лирско–епски песни и умотворби. Котев има најголем влог во современата македонска фолклористика и откривање на ликот на епскиот јунак во големиот зборник со волшебни народни приказни, „Араптази“. Иван Котев се јавува како автор и коавтор во многу книги. Негово последно дело е обемната книга „Наведе се с’нце да зајде“ со фолклорни и етнолошки материјали.

Иван Котев е роден во село Робово, Струмичко 1939 година, се школувал во родното место, во Штип завршил учителска школа и ПА, а дипломира на Филолошкиот факултет во Скопје. Со собирачка дејност тој се занимава од 1970 година, а во пензионерските години позасилено работи на издавањето на собраниот материјал. Има издадено 15 книги и 220 библиотечни единици со реферати и рецензии. Тој е надворешен член на Институтот за фолклор на Р Македонија. По повод 50 години собирачка дејност беше организиран симпозиум, каде што беше претставен придонесот на Иван Котев за нашата фолклористика.

Иван Котев нагласи оти е горд на делото кое го создал нашиот народ, а тој само го собрал како фолклорно богатство, за да го остави на младото поколение.

**Цвета Спасикова**

Нов роман од Калина Сливовска – Андонова

# Приказна за пријателството и надежда

Романот „Случајна средба“ е интересно четиво кое е посветено на една случајна средба, средба која може да прерасне во едно вистинско пријателство, носејќи надеж во животот на двајца луѓе: Лидија и Павел.




Во време кога отуѓеноста и осаменоста претендираат да станат „епидемија“ во општеството, содржината на оваа книга може да се доживее како еден вид „лек“ или превентива на оваа општествена „болест“.

И Лидија и Павел, главните личности на овој роман се во потрага на нешто што ќе направи позитивен пресврт во нивните животи и ќе ја исполни празнината која тие ја носат во себе, иако нивните животи навидум се „успешни“ на професионален план и според стандардите и стереотипите на опкружувањето и на општеството.

Раскажувајќи ги размислувања, прашањата и одговорите кои Лидија и Павел сами си ги поставуваат и сами си ги одговараат, читателот може да се најде и самиот во нив како актер.

Но, покрај нивните размислувања и случувањата за време на нивната случајна средба, романот содржи и други интересни работи:

Интересно се објаснети и раскажани покрстувањето на првата Македонка во Европа, според која и главната личност го добила името.

Не помалку е интересена и нејзината дилема околу тоа која љубов е поголема од онаа кон Господ и нејзината љубопитност за животот надвор од манастирскиот двор.

Исто така, интересно е прикажана „грижата“ на државата кон нашето културно нематеријално наследство.

Нешто што потресува и прави срцето да затрепери се секако страниците на кои е опишана голготата на прогонетите 25 илјади деца од Егејска Македонија, на кои им припаѓа и главната личност на случајната средба Павел, и кој и возрасен ги чувствува лузните и траумите од искорнатите корени во детството.

И покрај сè, и Лидија и Павел, од „камењата“ кои цел живот ги сопнувале, се обидуваат да направат пат поплочен со надеж, давајќи и предност на сегашноста и иднината и „пријателството на прв поглед“ свесни дека минатото е како „скршена вазна во која имало убави цвеќиња, но кои овенале“, а парчињата од вазната само можат да ги повредат.

И Лидија и Павел се свесни дека времето неумоливо истекува и сакат да отворат нов лист во книгата на животот.

Во романот „Случајна средба“ има и интересни кажувања за животните на кои авторката им се воодушевува.

Сè на сè, интересна содржина напишана, се разбира, за одредена читателска публика, но која сметам дека е пријатно четиво и за многумина.

Стилот е пријатен, лесен, разбирлив, не оптоварува иако поучува!

Авторката Калина Сливовска – Андонова е главен и одговорен уредник на весникот за сегашни и идни пензионери „Пензионер плус“. Како познавач на пензионерскиот живот, на пензионерските активности и на активното стареење, авторката е коавтор и на повеќе монографии од животот на пензионерите.

Авторката Калина Сливовска – Андонова е автор и на уште три романи: „Татко“, „Светулка“ и „Пред и потоа“ и на една збирка на раскази „Судбини“.

**Проф. др. Милан Дамјаноски**

Нов публицистичи труд

# „Падот на Југославија и осамостојувањето на Македонија“




Автор на овој редок публицистички труд е Ненад Баткоски, кој од пред две–три години е во „клубот на пензионерите“, но неговата љубов кон новинарството и кон публицистиката продолжува со несмален интензитет. Тој пензионерските денови ги користи за синтеза на своите новинарски написи (статии, интервјуа, коментари, осврти, вести, извештаи и репортерски записи) создавани во текот на четири децении. Потврда за тоа е наведеното дело, во кое се застапени текстови од сферата на општествено–политичкиот и на културниот живот на Македонија со голем број факсимили, објавувани во македонската и во странската периодика, на македонски и на странски јазици, чија актуелност трае до денес.

Трудот излезе годинава со финансиска поддршка од СЗПМ во издание на Книгоиздателството „Бата прес милениум“ во Скопје. Авторот Баткоски е реномиран новинар и публицист, кој во книгата ни понудува тесен избор на текстови од својата богата публицистичка дејност. Според рецензентката проф. д–р Весна Костовска „текстовите на Баткоски, имаат особена вредност и документираност, поради фактот дека се информативни, аналитички, објективни, без партиски влијанија“, така што овој публицистички труд претставува „верно сведоштво за бурните општествени промени на нашиве простори“ во пресвртниот период на крајот од 80–тите и првите години од 90–тите години на XX век при „осамостојувањето на Македонија“.

Освен безбројните новинарски записи, Ненад Баткоски е автор на публицистичкиот труд „Македонска бизнис елита“ (1996) и коавтор на книгата „Димитар Илиевски – легенда на македонскиот шах“ (2017).

**В. Дрвошанов**

# Промоција на две книги на Марија Моневска



Во Лозово на 12 октомври 2024 беа промовирани романот „По корените на мајка ѝ“ и стихозбирката „Со повод“ од Марија Моневска, а промотори беа Риска Накева и Савка Тодоровска. Овој настан го направија величествен со својот настап „Кратовските тамбураши“ и актерката Благица Димитровска. Литературното творење на Марија Моневска започнува уште во првите училишни клупи. Во февруари 2019 година како пензионер ја издава стихозбирката „Светот во мене и светот до мене“. По една година стихозбирката „Текстилки“, па романот „Карма“ а во 2022 година романот „Десетка + џокер = политика“.

Романот „По корените на мајка ѝ“ изобилува со лирски чувства карактеристични за поезијата и нормално, со наративност, карактеристично за прозата. Од првата до последната страница се протега разновиден колаж на обработени и опсервирани перцепции за личностите. Романот изобилува со многу заплети и расплети. Дејството се одвива до кулминација и како надојдена матица подготвена да се излее, наеднаш се смирува, но повторно надојдува. Еднаш доминира сјајот и блескотот, друг пат меланхолијата и апатијата. Романот изобилува со многу дијалози, целосен опис на личностите и на местата. Писателката длабоко навлегла и во психичката состојба на личностите, нивните душевни страдања и радувања. Во интересна игра се песимизмот и оптимизмот, наизменично како шаховски фигури на шаховска табла, ги поставила со многу метафора и персонификација.

Стихозбирката „Со повод“ на Марија Моневска е невообичаено поетско дело за кое промотор беше Савка Тодоровска. Таа е ковчеже со скриено богатство од емоции и посветеност во различни форми, за различни поводи. Таа е и ризница од стилски фигури. Секоја песна е напишана по некој повод, па затоа стихозбирката го носи насловот „Со повод“.

Интересно, во стихозбирката, поетесата ги распоредила песните како на низа ѓердан, мониста што се нижат. Сите песни изобилуваат со многу стилски фигури, со епитет, метафора, персонификација, симбол, компарација и јаки лирски чувства. Доследно се придржува кон римата и ритамот во стиховите.

**Риска Накева**

ЗП Пехчево

# Аеродромци во Малешевијата

Како реализација на годишната програма за работа, деновиве во посета на Малешевијата беа членовите на Клубот на љубителите на книгата при Здружението на пензионери „Солидарност – Аеродром“ од Скопје.

При посетата на Пехчево пензионерите имаа можност да го разгледаат центарот на градот освежувајќи се со кафе и сок во околните кафулиња. Според програмата за престој следуваше средба со пензионери од Пехчево и читање поезија. Заради неодложни обврски на средбата не присуствуваа претставници од раководството, како и поети на Здружението на пензионери Пехчево. Пред присутните гости се обрати Александар Кацарски, поздравувајќи ги гостите и посакувајќи им пријатен престој, запознавајќи ги во кратки црти за историјата на Пехчево и сегашната состојба во општината. Своја поезија читаа В. Тоциновски, Ј. Мазгански, М. Димовски, Б. Филипчева, В. Ачковска, В. Радевска, Л. Стоилковска, Л. Лучко – Јеремиќ, Р. Спасовски. Беа прочитани и извадоци од новиот роман првенец „Љубов море и лимончело“ од Татјана Кацарска Станоевска од Пехчево. Во Берово гостите срдечно беа пречекани од Гоце Здравковски, претседател на Здружението на пензионери Берово, заедно со градоначалникот на Општина Берово Звонко Пекевски и претседавачот на Советот на Општина Берово Марија Буровска. Поздравувајќи ги гостите им посакаа пријатен престој во градот. Градоначалникот Пекевски искажа убави зборови за настанот и активноста на Клубот



запознавајќи ги присутните со историјата на Берово. Свои творби читаа членовите на клубот на љубителите на книгата од Скопје како и творци од Берово Лидија Мичовска и Марија Галабовска кои анимираа и други творци кои читаа свои творби. Разменети беа и пригодни подароци во книги од страна на претседателот на Собранието ЗП Солидарност – Аеродром Тодор Тодоровски и домаќините од Берово.

**А. Кацарски**

# Волонтерка за пример

Американката Грејс Кар учела, работела и волонтирала во истата болница речиси 80 години, но не планира да престане иако има 97 години. Нејзината обука во болницата „Сејкред харт“ во Алентаун, Пенсилванија, почнала во 1944 година, кога имала 17 години. Работата како медицинска сестра во оваа болница ја напуштила во 1989 година и во наредните три години работела во лекарска ординација во друго одделение на болницата. Се пензионирала кога имала 65 години. Во болницата почнала да волонтира во 1993 година, по смртта на нејзиниот сопруг Едвард.

Кар има 6 000 часа волонтерство зад себе и доаѓа секоја среда да им даде вода на пациентите, да ги развесели со цвеќе и да земе примероци од болничката лабораторија.

Кар посочува дека отсекогаш сакала да волонтира во болницата по пензионирањето. Таа не може да си го замисли животот без волонтирање и е среќна што може да им помага на луѓето. Таа е мајка на четири ќерки и еден син.

**„Премиум“**

# ЗП Берово - лична карта





**Здружение на пензионери Берово**
**ул. „Кеј на младина“ б.б. - Берово**
**Тел. моб. 072 306 970**
**e-mail: berovo.penzioneri@gmail.com**



**Гоце Здравковски, претседател на ИО, на Собрание и на ЗП Берово**



Здружението на пензионери Берово брои 2 606 пензионери во кое дејствуваат 8 ограноци кои се организираат за подрачјето на едно или повеќе населени места, а постојат и два клуба. Здружението и понатаму работи на отворање клубови за пензионери во места во кои се одвива реалниот пензионерски живот во соработка со локалната самоуправа. Тие работат преку собири, а секој огранок има претседател кој е врската со здружението на пензионери. Органи на здружението се: Собрание кое брои 17 делегати, Извршен одбор од 11 делегати со претседателот на ИО. Гоце Здравковски е претседател на ИО и на здружението и Собранието, а секретар на здружението е Вера Ковачевска. Постојат повеќе комисии и тоа: Надзорен одбор, комисија за попис, комисија за набавка и тендери, Комисија за културно–забавен живот, Комисија за спорт и рекреација, Комисија за здравство, Комисија за екскурзии, Комисија за статутарни промени, Актив на пензионерки на која претседател е Вера Ковачевска. Од март 2023 година, на редовните избори е избран за претседател на Здружението на пензионерите Берово Гоце Здравковски. Главна задача на новоизбраните тела е пензионерите да имаат активно стареење. По повод Новогодишните и Божиќните празници, секоја година здружението обезбедува солидарни пакети од прехранбени производи за најранливите категории и еднократна социјална помош на пензионери со ниски примања за лекување и за скапи лекови. Со годишната програма се предвидува и ќе се реализираат активностите од областа на пензионерското организирање, ќе се извршуваат активностите на Здружението и соработката со останатите здруженија, членки на СЗПМ.



Во реализација на Програмата учествуваат сите комисии и работни тела на Собранието на Здружението на пензионери Берово. Основните принципи врз основа врз кои се засновува оваа програма, односно активноста на здружението на пензионери е слободно искажување и давање мислење за прашања од интерес на корисниците на пензија, поведување иницијативи, активно учество во градење и креирање на начинот на работење на Здружението.

Здружението е активно и на полето на културно–забавниот живот, преку музичките ревии, преку фолклорната група на пензионери кои се во седмата и осмата деценија од животот, а некои и повозрасни, верни на своите корени и традицијата, дури уште посилни и посигурни во себе, со уште покреативен дух го промовираа својот фолклор и обичаите испреплетени со песни и ора на сцената квалитетно ги криеја годините и староста и не дозволуваа возраста да ја надвладее играта. Здружението на пензионери од Берово секогаш го презентира фолклорот од својот крај. Здружението зеде учество на 14–тата републичка ревија на песни, музика и игри на 8 јуни 2024 година во Домот на АРМ во Скопје со пејачка група со песната „Маго, Маго, вакло пиле“.

Во 2022 година по дваесетти јубилеен пат, се одржа Регионалната ревија на песни, музика и игри во Берово каде што настапија здруженијата од источниот регион и тоа: ЗП Кочани, ЗП Виница, ЗП Македонска Каменица, ЗП Делчево, ЗП Пехчево и ЗП Берово. Свое обраќање пред присутните имаше и потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Коку, кој рече: – Почитувани присутни, дозволете најнапред од името на СЗПМ и претседателката Станка Трајкова да ги поздравам присутните претставници од локалната самоуправа Берово и претставниците од здруженијата учесници на ревијата. Посебно задоволство ми е што денес сум во Берово сместено во пазувите на Малешевските Планини, со богата вековна култура. Ревиите на песни, музика и игри се корисни бидејќи со својата разновидност ја изразуваат нашата богата културна ризница. Ревиите придонесуваат за јакнење на заедништвото во мултиетничкото општество. Пензионерите преку песната ќе покажат дека традицијата не треба да се заборави. Основна задача на сите нас е да се залагаме за подобрување на стандардот и квалитетот на животот на пензионерите, кои поради своите искуства од ден на ден стануваат се позначајна алка во социјалниот живот на државата. Денешната манифестација нека биде уште еден придонес кон збогатувањето на традициите. Ревијата ја прогласувам за отворена.





Во продолжение пред присутната публика се разлеа убавата македонска песна и се играа убавите македонски ора, а имаше и приказ на обичаи. Здружението учествува и на Меѓународни пензионерски средби. ЗП Берово беше домаќин на пензионерите од Микрево, Република Бугарија. Средбата која се одржа во село Ратево е прва ваква средба помеѓу двете здруженија. Средбата помина во пријатна атмосфера, во дружење, во размена на искуства и убава музика. Се донесе одлука ваквите средби да станат традиционални. Здружението на пензионери Берово со оркестарот и хорот, имаа забележителен настап на 19. меѓународен фолклорен фестивал „Малешево пее и танцува“ во Микрево, Општина Струмјани во Р Бугарија каде што учествуваа здруженија од Р Бугарија, Италија, Украина, Црна Гора, Србија, Малта. Низ сите години од постоењето, фестивалот го зачувува и популаризира фолклорното богатство не само на Малешевијата и Бугарија, но и на народите на Балканот, и секоја година ги шири своите граници и прима се повеќе изведувачи од различни точки на планетата земја. „Малешево пее и танцува“ се претвора во мост на пријателство.







Здружението е активно и на полето на спортските активности со учество на регионалните и републичките спортски игри. Во 2023 година спортистите од ЗП Берово на републичките спортски игри освоија трето место жени домино Добрина Милчевска и второ место мажи тегнење јаже. Во наредниот период, заложбите на раководството ќе бидат, подобрување статусот на пензионерите, како и подобрување на финансиската состојба на Здружението. Активот на пензионерки се залага за активности и дружење на пензионерките. Ќе се ангажира и на планот на организирање на екскурзии низ Републиката и надвор од неа, посета на други здруженија на пензионери по повод нивните прослави како што се: Блакцето на баба, Еленец, Ораовица, Пелинце, Лесново и други, а ќе земат учество и на други средби доколку бидат поканети. Исто така, ќе учествуваат и во спортските игри кои ги организираат здруженијата, ќе се вклучуваат и во културните случувања во општината со посета на театарски претстави, концерти и други културни манифестации. Здружението организира акции во зачувување на животната средина преку еколошки активности со здруженија на екологисти и со локалната самоуправа. Исто така, а по повод некои празници, а во соработка со Здравствениот дом од Берово, организира акции за мерење крвен притисок и испитување шеќерот во крвта на пензионерите и консултации со лекар специјалист.

**СЗПМ**

ЗП Тетово

# Синдикални плакети за заслужни пензионери



По повод 33–годишнината од постоењето, Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Македонија, ја одржа 26–тата по ред синдикална школа. Пред околу 260 синдикални активисти од целата земја, во хотелот „Десарет“ во Охрид, овој Синдикат додели девет плакети за особен придонес во синдикалното организирање. Првата плакета беше врачена на првиот и основач на овој Синдикат проф. д–р Мирко Спировски, кој обраќајќи им се на сегашните синдикални активисти ги истакна, проблемите и борбата оваа категорија работници да имаат свое самостојно синдикално движење пред кое ќе се наоѓаат задачи и обврски што ги наметнувале тогашните општествено – политички состојби во земјата, првите колективни договори по осамостојувањето на Република Македонија. Признанија за постигнати успеси во изминатиот период им беа доделени уште и на поранешни други функционери во овој синдикат: Гоце Чакаровски, Симон Силјановски, Гордана Славевска, Александар Велјановски, Васил Радевски, Слободан Дончевски, Ангел Саздовски, како и на дописникот на „Пензионер плус“ Гојко Ефтоски, како некогашен носител на функција на овој Синдикат. Плакетите ги врачи Љубиша Каранфиловски, сегашен претседател на Самостојниот синдикат за здравство, фармација, и социјална заштита. Со посебно внимание, работата на школата ја следеа и синдикални функционери од Република Црна Гора.



Во своето обраќање пред присутните, Слободан Трендафилов претседател на Сојузот на Синдикатите на Македонија, ја нагласи улогата на синдикалното движење и организирање во остварувањето на правата и обврските во работните средини, залагајќи се за рамноправен третман со сите релевантни фактори во државата. За комуникацијата на вработените во сферите на овој синдикат со медиумите, зборуваше новинарот на „ТВ Сител“ Александар Динев.

Посебно внимание, а во еден период и во вистински дијалог предизвика настапот на проф. д–р Лазар Јовевски за уредување и усогласување на начинот на пресметка на платите во здравството, гранков колективен договор за здравствената дејност, општиот колективен договор за јавниот сектор, како и уредување и усогласување на платите и другите парични надоместоци преку колективните договори. Тема на Школата беше и методологијата за пресметка на платите.

**Г. Е.**

## Шахољубие

Влече, плени таа игра,
Таа игра древна, стара,
Многу љубов, пот и занес
Од секого таа бара.

Секој има своја желба,
Чудна игра чуда крие,
Денес облак, утре сонце,
По пелинот нектар пие.

Таљ и Фишер ѕвезди биле,
Патот нивен кој го следи
Ќе открива разни тајни
и победи ќе си реди.

Еден потег среќа блика,
Потег еден тага мори,
Игро наша вечна ти си,
Твојот оган во нас гори.

Ако некој пред нас стигне,
Игра добро, игра чесно,
Секој од нас рака пружа,
Ако е е многу лесно.
Рефрен:
Шахољубие што ни дава крилја,
Шахољубие, игра наша мила!

**Перо Миленкоски**

Здружение на пензионираните работници од ОВР на РМ

# Екскурзија со посета на Неготино, Демир Капија и Дојран

На 26 октомври 2024 година седумдесетина пензионери од Здружението со автобус и комбе се упативме да ги посетиме убавините на јужниот дел од нашата држава.

Најпрвин го посетивме манастирот Свети Ѓорѓи кај Неготино изграден пред повеќе од еден и пол век кај местото Црквиште. Манастирот е познат по своите 25 чешми од кои извираат лековити води за лекување на 25 различни болести. Познат е и по настанот што се случил за време на НОБ кога баба Митра ослободила 20 партизани заробени и чувани во манастирот од страна на Германците. За жал при оддалечувањето од манастирот партизаните сепак биле убиени од заседа од Германците, а потоа баба Митра била жива запалена. Во спомен на овој настан во дворот е поставена спомен–плоча. По разгледувањето на манастирот, се упативме кон Демир Капија, каде што го посетивме музејот на виното основан во 2010 година од семејството Будимировиќ. Истиот располага со многубројни предмети кои ја прикажуваат историјата и развојот на културното наследство на овој винарски град и неговата околина за што ни раскажа сопственикот, а воедно и кустос на музејот. Тука можат да се видат справи од различни периоди за мелење на грозјето, казани за варење ракија, како и многу други предмети и садови кои служат за подготовка, чување и консумирање на производите од грозјето. Прикажани се и многубројни сорти на вино и ракија. Ги посетивме и кралската вила и винаријата „Вила Марија“. Од вработен од винаријата слушавме за историјата на овие објекти. Вилата и винаријата се изградени од кралот Александар Караѓорѓевиќ како подарок на неговата кралица Марија. Се прошетавме и низ подрумите со огромните буриња. Го видовме и бурето во кое сè уште стојат заглавените три куршуми кои ги испукал еден германски војник со цел да го пробие и од истото да се напие вино, но не успеал.



Околу пладне пристигнавме во прекрасниот и сончев Дојран, прошетавме по шеталиштето крај езерото. Во доцните пладневни часови задоволи од сè што видовме, а најмногу од прекрасната меѓусебна дружба тргнавме кон Скопје.

**Соња Смилеска**




Mbledhje e Bordit ekzekutiv të LSHPM

# U aprovua Raporti financiar i LSHPM për janar-shtator 2024 dhe vendimi për ndryshime dhe plotësime të Raportit financiar për 2024

Në përputhje me nenin 23 të Statutit të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, Bordi ekzekutiv i Lidhjes mbajti mbledhje më 12 nëntor 2024.

Në mbledhje, si zakonisht, kryetarja e Lidhjes Stanka Trajkova informoi për ngjarjet ndërmjet dy mbledhjeve, si dhe për aktivitetet deri në fund të vitit. Mes tjerash, ajo përmendi se një delegacion i LSHPM do të shkojë në Beograd ku do të nënshkruhet Memorandum për bashkëpunim mes Lidhjes së pensionistëve të Serbisë



dhe Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë me çka do të zyrtarizohet bashkëpunimi i deritanishëm ndërmjet Lidhjeve, si dhe ndërmjet shoqatave anëtare të tyre.

Më pas u shqyrtua dhe aprovua Raporti financiar i LSHPM për janar-shtator 2024 dhe u soll vendimi për ndryshime dhe plotësime të Planit financiar për këtë vit.

Nga diskutimet u konstatua se në periudhën janar-shtator 2024 është punuar me nikoqirllëk dhe në harmoni me programin dhe planin. Sa i përket Vendimit për ndryshime dhe plotësime të planit financiar kjo rrjedh nga ndryshimet që kanë ndodhur në Programin e Lidhjes për 2024, gjegjësisht shkaku i ndryshimeve në të hyrat dhe të dalat.

Në mbledhje u aprovuan disa vendime për zgjedhjen e anëtarëve nëpër organet dhe komisionet e Lidhjes si rrjedhojë e anëtarëve që janë larguar, kanë ndërruar jetë ose nuk janë më në Lidhje për shkaqe tjera. **LSHPM**

# Lidhja e pensionistëve të Maqedonisë dhe Serbisë nënshkruan në Beograd memorandum për bashkëpunim

Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë dhe Lidhja e pensionistëve të Serbisë më 15 nëntor 2024 në Beograd nënshkruan Memorandum për bashkëpunim dhe shkëmbim përvojash lidhur me statusin material të pensionistëve, ku bëjnë pjesë edhe mbrojtja e të drejtave pensioniste, harmonizimi i pensioneve, pagesa e tyre e rregulltë, etj.



- Një çështje shumë e rëndësishme e këtij Memorandumi, i cili paraqet vërtetimin e aktiviteteve të deritanishme të të dy Lidhjeve të pensionistëve, janë masat në kuadër të sistemit pensional dhe avansimi i aktiviteteve jashta sistemit pensional në fushën e shëndetësisë dhe sigurimit social, aktiviteteve sportive dhe kulturore, aktiviteteve inkluzive të shfrytëzuesëve të pensionit ngaqë me pensionimin mosha e tretë nuk pensionohet edhe nga shoqëria, por zgjedh ardhmërinë dhe jetën - deklaroi Stanka Trajkova, kryetare e LSHPM.

Në takim delegacionet e lidhjeve pensionale të të dy vendeve kishin shkëmbim të begatë të përvojave dhe apostrofim të mundësive ligjore për përparimin e pozitës së pensionistëve në shtetet e tyre.

Nënshkrimi i Memorandumit për bashkëpunim ndërmjet dy lidhjeve nacionale të pensionistëve nga Serbia dhe Maqedonia është në frymën e raporteve politike të cilat viteve të fundit shënojnë përpjetëz. Ne sot me këtë nëshkrim e verifikojmë bashkëpunimin e deritanishëm të organizatave tona pensionale dhe e lartësojmë në nivel nacional dhe ndërshtetëror me çka praktikisht sendërtojmë baza formale juridike që marrëdhëniet t'i zhvillojmë ende më shumë në të ardhmen - deklaroi Andreja Saviq, kryetar i Lidhjes sl pensionistëve të Serbisë.



Në takimin e lidhjeve të pensionistëve të të dyja vendeve u theksua nevoja e takimeve më të shpeshta në të mirë të avansimit të pozitës së pensionistëve. Nënshkrimi i këtij Memorandumi është në suazat e Programit të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Lidhja kultivon bashkëpunime edhe me shtete tjera në rajon edhe më gjerë. **K. S. Andonova**

SHP Gostivar

# Momente të paharrueshme

Më 23 dhe 24 shtator 2024 u mbajt mbledhje me aktivët e pensionisteve, anëtare të Trupit koordinativ të pensionisteve të LSHPM, ndërsa nikoqire ishte SHP Gostivar ku realizohet një pjesë e Programit vjetor dhe aktivitete të përbashkëta me aktivet në mjediset multietnike. Përveç anëtareve të Trupit koordinativ merrnin pjesë edhe kryetaret e aktivëve nga të gjitha rajonet.

Kryetari i SHP Gostivar Nijazi Xhelili shprehu kënaqësinë që pikërisht ata janë nikoqirë të kësaj mbledhjeje. Ai foli mbi aktivitetet e shoqatës multietnike ku funkcionojnë 23 degë që bashkëpunojnë me sukses.



Kryetarja e Aktivit të pensionisteve të SHP Gostivar Vadije Zendeli u tregua nikoqire e mirë dhe organizatore e shkëlqyer. Gjatë shetitjes nëpër qytet u vizituan kisha "Sv Bogorodica" (Shën Nënë Virgjëresha) dhe Sahat xhamia në Gostivar.

Ditën e dytë u shkëmbyen përvoja dhe u organizua punëtori për punëdore. Të pranishmit së bashku gatuan specialitete nga të gjitha anët e Maqedonisë.

Në fund të shoqërimit, pensionistet aktiviste i shprehën falemnderime kryetares së Aktivit të pensionisteve të SHP Gostivar, Vadije Zendeli, e cila u mundësoi momente të paharruara dhe dëshmoi se bashkëpunimi i frytshëm bazohet mbi organizimin dhe vullnetin e mirë.

**Marija Monevska**

**https://fzo.org.mk/lista-lekovi-tovar-fzorsm**
**Lista e barnave në llogari të FSSH të RMV**

**Barnatore kujdestare**

**Listë e mjekëve që punojnë të shtunave**
**Kujdestari në Manastir**

**Kujdestari në Shkup në Poliklinikën Bit pazar**
**Kujdestari në Shkup në Poliklinikën Draçevë**
**Kujdestari në Shkup në Poliklinikën Gjorçe Petrov**
**Kujdestari në Shkup në Poliklinikën Jane Sandanski**
**Kujdestari në Shkup në Poliklinikën Çento**
**Kujdestari në Shkup në Poliklinikën Idadia**
**Kujdestari në Shkup në Poliklinikën Çair**

SHP Tetovë

# Takimi multietnik me atmosferë brilante

Me 20 tetor të vitit 2024, për të 26-tën herë në Tetovë u mbajt takimi tradicional multietnik i pensionistëve të Maqedonisë. Restoranti "Teteks-Arena" ishte vendtakimi i pensionistëve, të cilët nën tingujt muzikor të grupeve muzikore "Maestro Bend" nga Tetova dhe "Do Re Mi" nga Gostivari, në gjuhën maqedonase dhe shqipe, në atmosferë madhështore, pensionistët nga mbarë vendi kaluan çaste që do të mbeten në kujtesë një kohë të gjatë.



Në këtë takim ishin të ftuar për pjesëmarrje dhe morën pjesë 20 përfaqësues të Shoqatave të pensionistëve, përfshirë Lidhjen e Shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë në krye me kryetaren Stanka Trajkova, Kryetari i komunës së Tetovës, Bilall Kasami si dhe anëtar të Kësh-illit ekzekutiv të SHP Tetovë dhe pensionistë të tjerë nga qyteti nikoqir.

Fillimisht pensionistëve në këtë takim iu drejtua Kryetari i Kuvendit të SHP Tetovë, Mirko Jovçevski, Kryetari i Këshillit ekzekutiv dhe kryetar i Shoqatës, Selver Memeti, Kryetarja e LSHPM, Stanka Trajkova dhe Kryetari i komunës së Tetovës, Bilall Kasami.

Dy udhëheqësit e SHP Tetovë Jovçevski dhe Memeti gjatë përshëndetjes drejtuar të pranishmëve, midis tjerash deklaruan se për Tetovën është kënaqësi të zhvillohet një takim i kësaj natyre dhe me përmasa siç është ky i sotmi, ku në një vend janë grumbulluar pensionistë nga më shumë qytete të vendit. Në këtë drejtim, Shoqata e pensionistëve të Tetovës, ndjenë kënaqësi të veçantë të kur sheh në një vend numër kaq të madh të pensionistëve, të cilët mes vete realizojnë kontakte, shkëmbim mendimesh, njohje të ndërsjella, etj., deklaruan udhëheqësit e SHP Tetovë.

Kryetarja e LSHPM, Stanka Trajkova, duke iu drejtuar pensionistëve pjesëmarrës në këtë takim multietnik, veçoi SHP Tetovë si organizatore e shkëlqyeshme e takimeve të kësaj natyre. Shoqata e pensionistëve të Tetovës ka një traditë të gjatë të organizimit të takimeve të këtilla, çdo segment i organizimit është përpunuar me përpikëri dhe s'ka mundësi të ketë lëshime në organizimin dhe mbajtjen e këtij takimi apo takimeve të tjera me pensionistë, nënvizoi Trajkova. Ajo me këtë rast veçoi praninë e Kryetarit të komunës së Tetovës, Bilall Kasami, pjesëmarrja e të cilit dëshmon për mbështetjen që kanë pensionistët nga vetëqeverisja lokale e komunës së Tetovës, deklaroi Trajkova.

Kryetari i komunës së Tetovës, Bilall Kasami në fjalën e tij përshëndetëse, përgëzoi pensionistët nga mbarë vendi për aktivitetet që i zhvillojnë për të mirën e moshave të treta. Kasami përmendi rritjen lineare të pensioneve, duke u zotuar se ky trend i rritjes së pensioneve do të vazhdojë edhe gjatë viteve në vijim. Komuna e Tetovës do t'i mbështes pensionistët në zhvillimin e Programeve të tyre, ndërsa dyert e institucionit që e udhëheq gjithmonë do të jenë të hapura për pensionistët, nënvizoi kryetari Bilall Kasami.

Bazuar në deklaratat e pjesëmarrësve të këtij takimi multietnik të pensionistëve, mund të konkludohet se i njëjti është organizuar dhe realizuar në mënyrën më të mirë të mundshme. Madje kishte mendime sipas të cilëve, ky manifestim kësaj radhe ishte i nivelit të lartë se asnjëherë më parë.

**M. Murseli**

SHP Labunishtë

# Mbledhje me shkas

Bordi ekzekutiv i SHP Labunishtë, Strugë me 2.11.2024 mbajti mbledhjen e rregulltë ku u shqyrtua qarkullorja e LSHPM lidhur me situatën e krijuar në shoqata të caktuara e që kanë të bëjnë me gjendjet aktuale në organizimin pensional. Në këtë temë kryetari Lutvija Saloski, detajisht i informoi anëtarët e BE, delegatin si dhe kryetarët e dy degëve nga Boroveci dhe Podgorci.



Pas prezantimit të detajuar, u hap diskutim nga të gjithë anëtarëve të pranishëm. Pas debatit të gjerë, u konstatua se nuk është fjala për ndonjë organizim masiv protestash të pensionistëve në Maqedoni, por janë në pyetje grupe të vogla të izoluara të pensionistëve, ndërsa shoqata nuk i përkrah dhe nuk u jep ndonjë peshë atyre.

- Në shoqatën tonë ka mendime se në qoftë se vazhdojnë protesta të tilla jolegjitime dhe të izoluara, ne jemi të gatshëm për kundër-protesta.

Kryetari Saloski tha se pensionistët duhet ta dijnë të vërtetën dhe të njohtohen me krejt çka ndodh, si dhe t'u kundërvihen pensionistëve që i mbështesin këto protesta në disa prej shoqatave në vend.

U theksua se në shoqatën në Labunishtë, si dhe në Lidhjen veprimtaria është ligjore, transparente dhe nuk ka keqpërdorim të anëtarsisë, si dhe të mjeteve postmortore. Organet në shoqatën e pensionistëve, si dhe në Lidhjen janë të zgjedhura në mënyrë legjitime për 4 vjet, potencuan anëtarët në diskutimet e tyre.

Më pas u sollën konkluza që njëzëri u aprovuan, të cilat do të botohen në revistën e vetme pensionale "Penzioner Plus" dhe në televizionin lokal "Spektra".

**S. Kukuneshoski**

КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

# Донесена проширена позитивна листа со девет нови лекови, во која учествуваше и СЗПМ со свои предлози

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, како и други граѓански здруженија континуирано бараат да се прошири позитивната Листа на лекови со нови современи и поефикасни на товар на Фондот за здравствено осигурување. Како резултат на тоа после цели 15 години позитивната листа е проширена со девет нови лекови.

Во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на РСМ (Сл. весник на РМ број 17/2015 и Сл. весник на РМ број 179/2023) со Одлука во Сл. весник на РМ број 174 од 21.8.2024 година додадени се девет нови лекови.

Се работи за девет генерици претставени преку 87 лекови во различни форми, јачини и пакувања што имаат активна регистрација во нашата држава, а меѓу нив опфатени се и лекови за висок притисок, срцеви заболувања, антиагреганси, лекови за третман на депресија, како и за деменција.

**Конкретно, на товар на ФЗО на РСМ ќе бидат антикоагулансите Prasugrel i Ticagrelor, Nebivolol, Perindopril, Valsartan, Fenofibrate, лекови против висок притисок и високи масти, како и Escitalopram, Memantine, Duloxetine, кои се антидепресиви и лекови за третирање деменција.**

Околу еден милион евра е проценето влијанието врз буџетот на Фондот за здравство за овие лекови, на годишно ниво.

Меѓутоа голем број здруженија на граѓани – пациенти меѓу кои и здруженија на пензионери, реагираат затоа што и ваквата проширена листа, нема да ги опфати сите пациенти. Посовремени лекови очекуваат и болните од канцер, чиј број секоја година се зголемува, како и пациентите со хемофилија, леукемија, дијабетес... Затоа Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе ги реактивира своите досега испратени барања чии предлози не се прифатени.

Министерот Таравари ветува дека ќе има проширување на секои три месеци, а одлука за изменување и дополнувања на листата за лекови кои паѓаат на товар на ФЗО на РСМ беше донесена и објавена во Сл. весник бр. 199 од 26 септември 2024 година. Со оваа одлука лекот **Valsartan** го пропишува избран лекар во согласност со Упатство за практикување медицина заснована на докази за водење артериска хипертензија на ниво на примарна заштита. Одлуките влегуваат во сила со денот на објавување во Сл. весник.

Според министерот Таравари ново проширување ќе има по Нова година.

**К. С. А.**

Службен весник на РСМ, бр. 174 од 21.8.2024 година

**20241743019**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 1 точка а) 8 и став 1 точка в) 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014; 20/2015; 61/2015; 98/2015; 129/2015; 150/2015; 154/2015; 192/2015; 217/2015; 27/2016; 37/2016; 120/2016; 142/2016 и 171/2017; и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019; 77/2021; 285/2021; 60/2023; 154/2023 и 209/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северена Македонија на седницата одржана на 15 август 2024 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 17/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 179/2023 година), во натамошен текст Листа на лекови, во членот 2 се вршат следните измени и дополнувања:

По АТЦ кодот B01AC04-„Clopidogrel*“ се додаваат лековите:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| B01AC22 | Prasugrel | 10mg | O | таблети/tableta | ЈП/FQ | RS/RSS |
| B01AC24 | Ticagrelor | 180 mg | O | Таблети/tableta | ЈП/FQ | RS/RSS |

По АТЦ кодот C07AB07-„Bisoprolol**“ се додава лекот:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| C07AB12 | Nebivolol | 5 mg | O | таблети/tableta | ЈП/FQ | R |

По АТЦ кодот C09AA03-„Lisinopril“ се додава лекот:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| C09AA04 | Perindopril | 4 mg | O | таблети/tableta | ЈП/FQ | R |

По АТЦ кодот C09CA01-„Losartan**“ се додава лекот:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| C09CA03 | Valsartan | 80 mg | O | таблети/tableta | ЈП/FQ | RS/RSS |

По АТЦ кодот C10AA-„Инхибитори на HMGCoA редуктаза инхибитори (СТАТИНИ)**“ се додава лекот:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| C10AB05 | Fenofibrate | 200 mg | O | таблети/tableta | ЈП/FQ | RS/RSS |

По АТЦ кодот N06AB06 „Sertraline“ се додава лекот:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| N06AB10 | Escitalopram | 10 mg | O | Таблети/tableta | ЈП/FQ | RS/RSS |

По АТЦ кодот N06AX16 „Venlafaxine“ се додава лекот:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| N06AX21 | Duloxetine | 60 mg | O | Капсули/kapsula | ЈП/FQ | RS/RSS |

По АТЦ кодот N06DA02 „Donepezil*“ се додава лекот:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| N06DX01 | Memantine | 20 mg | O | таблети/tableta | ЈП/FQ | RS/RSS |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Истата ќе се објави по добивање согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 15 септември 2024 година.

Бр. 02 -14824/9
16 август 2024 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател
**Дејан Николовски,** с.р.

# Дали за нарцизмот важи теоријата еднаш нарцист - секогаш нарцист?

Секако дека се поставува прашањето дали нарцизмот се лекува и дали и за нарцизмот важи теоријата еднаш нарцист – секогаш нарцист?

Патолошкиот нарцизам е состојба на суштинско нарушување, хаос и неорганизираност на личноста. Тој влече корени од многу раната возраст на личноста. Нарцизмот исто така лежи во основата на многу други нарушувања на личноста. Тој дефинитивно не може да биде излечен. Мало подобрување може да се постигне до некоја мера, и тоа во ограничен временски период. Нарцистот ќе се подобри извесно време, па потоа пак оди во регрес, слично како и многу други болести кои и не се на психичка база.

Некои тераписки техники како когнитивно–бихевиористичката терапија може да постигнат за одредено време модификација на некои однесувања кои се асоцијални и нефункционални и кои го отежнуваат функционирањето на нарцистот. Бидејќи нарцистот е добар актер и е некаков вид робот, тој може да биде репрограмиран да се однесува поинаку со жената, децата или пак со соработниците. Кога психологот ќе му каже: не би требало да се однесувате вака бидејќи е непријатно, насилно, навредливо, можеби нарцистот малку ќе го модифицира своето однесување и за нијанса подобро ќе се интегрира во општеството. Ќе функционира малку подобро, но тоа не значи дека е излекуван.

Интересен е фактот што вакви нарцисоидни карактеристики имаа јавни личности дури и претседатели на држави, а нарцисоидни карактеристики имаа и поединечни групи па дури и цели народи. Групите обично тврдат дека се знаат и се можат да објаснат, додека некои народи тврдат дека од нив почнува се во светот. Ваквото однесување не му користи никому дури ни на самата група или народ, но за жал тоа постои и е предмет на проучување на многу факултети и од страна на многу истражувачи.

Современата психологија/психијатрија се справува со нарцизмот главно со когнитивно–бихевиоралната терапија. Тоа е една релативно ефикасна метода која, сепак, не оди многу длабоко. Кога има гранично нарушување на личноста, не само во Македонија туку и во светот, обично ќе ви препорачаат когнитивно–бихевиорална терапија комбинирана со медикаменти и еден скен на мозокот.

Тоа е стандарден протокол за третирање на нарушувањата на личноста. На факултетите за психологија и психијатрија сè повеќе ја потценуваат секоја терапија со разговор, но тоа според многумина психијатри е погрешно. Со скен може да се утврди дека кај психопатите амигдалата е хипотрофична. Може да се каже дека тие не чувствуваат страв бидејќи деловите од мозокот кои се задолжени за страв едноставно „не се палат“. Но, премногу поедноставено и редукционистички е да се кажете – овој човек се однесува како што се однесува – заради амигдалата. Оние што го тврдат тоа се луѓе кои немаат никакви основи од областа на филозофијата и класичната психологија. Тоа е стандарден протокол за третирање на нарушувањата на личноста. На факултетите за психологија и психијатрија сè повеќе ја потценуваат секоја терапија со разговор, но таа дава резултати.

**М. Белева**

# Птичји грип

Птичјиот грип или Авијарната инфлуенција (АИ), е болест предизвикана од вирусот на грип/инфлуенција тип „А“ и може да предизвика висока стапка на смртност кај птиците. Од вирусите на Авијарна инфлуенција во ретки случаи можно е да се заразат и луѓето. Пренос на луѓето се случува кога постои близок контакт со заразени птици. Поради големиот потенцијал за инфекција кај луѓето, се препорачува сите кои работат или се во контакт со живина за која постои сомневање дека е заразена со Авијарна инфлуенција, да носат лична заштитна облека која вклучува и маски за лице, заштитни очила, ракавици и чизми.

Симптоми на болеста се: треска, отежнато дишење, дијареја, гадење и општа непријатност. Ретки се случаите на пренос на болеста од живина на човек, но секако се можни. Затоа мора да се следат препораките за заштита, особено кај оние лица кои се во непосреден контакт со заразеното животно или птица.

Трансмисија на болеста на човек настанува кога од респираторниот секрет или изметот на заразените птици, како и од контаминираните површини се формираат аеросолни честички на вирусот со димензии од околу 10 микрони. Тие движејќи се низ воздухот доаѓаат во контакт со лигавицата на носот и очите на експонираните лица или се вдишуваат и на тој начин навлегуваат во белите дробови. Птичјиот грип лесно се пренесува меѓу птиците и поради тоа при сомневање или конфирмација на случаи на грип меѓу живината се препорачува нејзино уништување, наспроти економските последици од тоа. Оттука, работниците ангажирани во првата линија на нивното уништување и крајна диспозиција се под зголемен ризик за инфекција.

„Со вакцина против сезонски грип треба да бидат вакцинирани сите работници кои професионално доаѓаат во контакт со птичји грип и тоа работниците за кои со сигурност е утврдено дека биле во близок и пролонгиран контакт со заразени/заболени птици или контаминирани површини и тие секојдневно треба да примаат антивирусни лекови против грип сè додека трае контактот“ се вели во препораките на Институтот за јавно здравје.

**М. Д.**

Текстот е посветен на ноември, месец на машкото здравје

# Со навремената посета на уролог може да се открие заболувањето и да се лекува

Најнапред голема благодарност кон сите кои земаат учество да се промовира навремената посета на уролог бидејќи само на тој начин може навремено да се открие заболувањето и да се преземат соодветни чекори за негово лекување.

Посебна благодарност и до Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, кој се грижи за здравјето на своето многубројно машко членство кое спаѓа во најголемата група потенцијални пациенти од заболување на простатата, заради возраста.

Најчестите тегоби кои алармираат за заболување на простатата се: зачестено уринирање, ноќно уринирање, итен нагон, печење и болка при уринирање, ослабен млаз на урина, чувство на недоволна измокреност и сл. Не многу ретко се случува првиот симптом и посета на уролог да биде комплетна ретенција на урина односно неможност за спонтано уринирање кое е причина за катетеризација на мочниот меур.

Заболувањата најчесто се бактериски, а може да бидат и вирусни, габични или од паразити, но најчесто заболувањата на простатата и мочниот меур се бактериски. Начинот на живот, исхраната, физичката активност, доволен внес на течности минимум 1,5 литар, топлата облека во студените месеци, многу влијаат во менаџментот на пациентите со заболувања и симптоми од долните уринарни патишта (простатити, цистити, БПХ, хиперактивен мочен меур, уринарни инконтиненции и сл.). Во денешно време посетата на уролог за да се соопштат тегобите и симптомите не е табу и е добро бидејќи на тој начин може навремено да се открие заболувањето и да се преземат соодветни чекори за негово лекување. Пациентите со немалигни заболувања на простата најчесто ги лекуваме конзервативно со медикаменти за простата, антибиотици, НСАИЛ (нестероидни антиинфламаторни медикаменти, лекови за болка и друго), но и хируршки т.е. правиме операции на простатата. Типот на операција најчесто го одредува дијагнозата, возраста, општата состојба на пациентот и друго. Ендоскопските операции најчесто се прават при ВРН. Преку природните отвори се стига до простатата и истата се ресецира со помош на електрокоагулација, ласер или ултразвук.

Кај малигни заболувања на простата се прават т.н. радикални операции како радикална отворена или лапароскопска простатектомија која изискува услови во болница, оперативен тим, искуство и уменија на операторот, постоперативни грижи и менаџмент на пациентот. Во болницата „8 Септември“ се работат и двата типа операции со голем број успешно завршени оперативни третмани кај пациенти. Кај ендоскопските операции, постоперативните грижи обично траат околу една недела, пациентот носи уринарен катетер и престојува во болница. Урологот прави процена, после која се вади уринарниот катетер и започнува т.н. адаптивен период од околу три месеци за да може пациентот да се навикне на новата состојба после операција. Обично продолжува третманот со лекови, најчесто антибиотик, лек за болка и друго. По овој период најголем дел од пациентите не примаат терапија, но треба да продолжат со прегледи на уролог за понатамошно следење на состојбата и одредување на ПСА (простатичен специфичен антиген) со анализа на крв.

Кај радикалните операции на простата, најчесто заради малигна болест, состојбите се различни бидејќи кај нив се прават поагресивни оперативни зафати кои изискуваат подолг постоперативен период и грижи. По овие операции уринарниот катетер се вади после 9–11 денови, односно после добро закрепнување на пациентот, после извадени оперативни дренови, уредни лабораториски и биохемиски анализи и друго. Кај овие пациенти периодот на адаптација после оперативното лекување е подолг, враќањето на контролата на уринирање може да трае до една година постоперативно. Имаме случаи каде што нема целосна контрола врз уринирањето бидејќи ова е еден вид несакан ефект од самата операција. После излегување на патохистолошкиот наод некои од пациентите добиваат онколошка медикаментозна или радиотерапија, додека кај други не е потребно. Многу е важно тие да продолжат со редовни контролни и превентивни прегледи каде што би се следела состојбата заради појава на рецидивна болест и навремено вклучување на онколошка терапија. Исходот зависи од стадиумот на болеста, видот на туморот, возраста, општата состојба и коморбидитети, умешноста на оперативниот тим, постоперативните грижи и др.

Пациентите со малигна болест кај кои не може да се изврши оперативно лекување, се упатуваат да продолжат со онколошка терапија и редовни контроли.

На крај сакам да потенцирам дека карциномот на простата е заболување кое на почеток не дава симптоми или се слични на оние кај немалигни заболувања на простата или зголемена простата. Редовната посета на уролог најмалку еднаш годишно ни дава можност за рано откривање на заболувањето, оперативно лекување и излекување.

**Д-р Нерхим Туфекчиоски, специјалист уролог**

ЗП Струмица

# Пензионерите на екскурзија во Србија

Здружението на пензионери Струмица според годишната програма, преку комисијата за Културно–забавен живот, а во соработка со здружението на пензионери од Крушевац, организираа дводневна екскурзија во Република Србија, каде беа посетени градовите Крушевац, Брус, Трстеник и Врњачка Бања. При разгледувањето на овие градови беа посетени туристичките објекти, спортско рекреативните центри, терминални извори и друго.



Во Крушевац, струмичките пензионери беа пречекани од членовите на здружението на пензионери при што, најпрво ги разгледаа знаменитостите на градот, црквата Лазарица изградена во 13 век, спомeникот на кнез Лазар и централното градско подрачје.

Домаќините, здружението на пензионери од Крушевац, организираа заеднички ручек и дружење со музика и оро. На крајот од денот, струмичките пензионери го посетија новиот манастирски комплекс „Пресвета Богородица“ во предградието на градот. На заминување си посакаа добро здравје, со желба наредната година повоно да се сретнат во Струмица.

**М. Лазаревски**

Одбележана 80–годишнината од ослободувањето на Тетово

# „Животно дело“ за заслужни пензионери

Во организација на Општинскиот сојуз на борците Тетово се одбележа 80–годишнината од ослободувањето од фашистичкиот окупатор и неговите домашни слуги. По тој повод, беа одржани повеќе манифестации, а завршните беа свечената академија на која настапија повеќе домашни уметници и полагање свежо цвеќе на Споменикот на револуцијата. Свечената седница ја отвори и за значењето на празникот зборуваше Лилјана Симоска, претседател на Општинската борачка организација. Притоа, плакети за животно дело беа доделени на пензионерите Ладомир Савески, од областа на драмската уметност, Крсте Серафимоски за спорт, Владимир Кочоски за култура, новинарство и уметност и Ибуш Ибраимоски, музичка култура. Постхумно ова високо признание им беше доделено на Кочо Тулески, општественик и д–р Драган Филиповиќ, хирург. На уште четири асоцијации им беа доделени признанија. Во име на организаторот плакетите и признанијата им ги врачи Дарио Сотировски. Букети свежи цвеќиња на Споменикот на револуцијата положија повеќе органи и организации, а најголем впечаток оставија децата од градинката, кои се поклонија пред споменикот посветен на оние што се бореле за нивниот слободен детски живот. Манифестациите се одржаа без присуство на претставниците на локалната самоуправа, а тоа е веќе практика во повеќето изминати години. Единствено што потврди Симоска е дека претставници на Одборот за прослава ги примил градоначалникот Билал Касами.



Оружените дејствија против фашизмот во Македонија завршиле на 19 ноември 1944 година со ослободување на Тетово. На тој ден во Тетово влегле 41 и 48 партизанска дивизија во состав на 15 македонски корпус, како и Егејската бригада, кои со одушевување на овдешното население биле поздравени.

**Г. Ефтоски**

# Натпревар во шах на пензионерите со оштетен вид

На 12 септември, Меѓународниот ден на слепите, во клубот на пензионерите во Пробиштип се одржа меѓуопштинско дружење на здруженијата на пензионери од Штип и Пробиштип во чии здруженија работат и клубовите на лицата пензионери со оштетен вид. Се натпреваруваа во шах, а присутните во клубот се воодушевуваа. Тие знаат да се дружат и преку оваа древна игра на шеесет и четири полиња да не го чувствуваат својот хендикеп. На почетокот од натпреварот, учесниците и присутните гости ги поздрави претседателот на клубот на слепи лица при ЗП Штип Драги Витанов, посакувајќи им добро здравје и успех во натпреварите и убава дружба. Им се обрати и претседателот на ЗП од Пробиштип Груица Манасиев, кој им посака добро здравје и фер натпревари, а не го криеше и задоволството што токму здружението од Пробиштип е домаќин на едно вакво дружење, преку кое на пензионерите со хендикеп ќе им овозможат да се чувствуваат пријатно и еднакви со своите колеги пензионери.

Претседателот на Здружението на пензионери Штип Ристо Нетков се заблагодари за добрата организација на домаќинот, посакувајќи им и понатаму да имаат убави средби со своите врсници и да го шират пријателството. Се играше со желба секој да го покаже своето знаење и умешност, а чувствата на сите беа прво пријателството потоа победата. Првото место и златниот пехар му припадна на Томе Митев од Штип, сребрениот пехар му припадна на Владо Трајанов од Пробиштип, а третото место го освои Раде Миланов од Штип.

Заеднички се радуваа на дружбата и убаво поминатиот ден, при што сите се чувствуваа победници со желба да има повеќе такви натпревари и дружење за да не се чувствуваат пензионерите со оштетен вид поинакви од своите врсници.

**М. Здравковски**

СЗИПМ

# Инвалидските пензионери, славеа во Штип

Во организација на Сојузот на здруженијата на инвалидските пензионери на Македонија, еден месец порано, а по повод триесетгодишнината од формирањето на здружението во Штип, на 2 ноември 2024 година го одбележаа Меѓународниот ден на инвалидите – 3 декември, со заедничко дружење во Штип. На дружбата при-



суствуваа преку 200 пензионери од Прилеп, Кавадарци, Велес, Штип, Кисела Вода од Скопје, Струмица и Ново Село. Покрај заедничкото оро што се разви на задоволство на сите присутни, претседателите на здруженијата од овој сојуз, под раководство на претседателот Кирил Ристески размениja и мислења, идеи за подобрување на пензионерскиот ден на инвалидските корисници на пензија. Стана збор за изнаоѓање начини преку Министерството за социјална политика, демографија и млади да им се вратат бенефициите што своевремено пред дваесетина и повеќе години, ги имаа овие пензионери. Пред сè што бројот на членовите во здруженијата, а со тоа и во СЗИПМ, од месец на месец се намалува драстично, а нови членови нема. Секако треба да се спомене и разделеноста на инвалидските пензионери од здруженијата во трите постојни и регистрирани сојузи во државава. Бенефициите што ги имаа овие пензионери драстично се намалени, така што во одредени градови не може да се користи бесплатно, ниту автобускиот градски превоз. Во одредени градови нема пристапни рампи за инвалидите со колички до значајни институции за секојдневни потреби на инвалидите. При ова стана збор и за испомешаноста на трудовите инвалиди, кои сега се инвалидски пензионери, а тие ниту не знаат зошто се зачлениле во инвалидските здруженија со подруг назив отколку овие здруженија од овој Сојуз. Исто така, од овој Сојуз реагираат на тоа, што по смртта на инвалидскиот пензионер наследник на пензијата е неговиот сопруг или сопруга и тогаш тој/таа станува член во СЗПМ, односно корисник на семејна пензија.

Бидејќи беше оценето дека не е време за организирање спортски натпревари за инвалидските пензионери на средбата им беа доделени благодарници на здруженијата од овој Сојуз за нивното досегашно учество на спортските натпревари на нивните претставници.

**К. Р.**

**https://fzo.org.mk/lista-lekovi-tovar-fzorsm**
**На линкот е поместена листа на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОРСМ, како и:**

**Дежурни аптеки**

Преглед на лекари кои работат во сабота
**Дежурства во Битола**

**Дежурства во Скопје на Поликлиника Бит Пазар**
**Дежурства во Скопје на Поликлиника Драчево**
**Дежурства во Скопје на Поликлиника Ѓорче Петров**
**Дежурства во Скопје на Поликлиника Јане Сандански**
**Дежурства во Скопје на Поликлиника Ченто**
**Дежурства во Скопје на Поликлиника Идадија**
**Дежурства во Скопје на Поликлиника Чаир**

# Грижата на Сојузот за стандардот на пензионерите продолжува

Неодамна со посредство на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија одреден број на пензионери се „вработија“ во маркетите на „ВЕРО“ во Скопје, а во наредниот период тоа ќе продолжи и во другите градови.

Грижата на Сојузот за стандардот на пензионерите продолжува. Сојузот бара начини, можности и форми животот на пензионерите да биде што поквалитетен и посодржаен.

На 1 ноември 2024 година се одржа средба на Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова со Љупчо Тодоровски, директор на Домот за стари лица „Сончева куќа“ кој се наоѓа во Сопиште, Скопје.



Ова е втора средба на која некој бара дополнително вработување на пензионерки со цел подобрување на материјалниот статус на корисниците на пензија со пониски пензии.

Вработувањето на пензионерите ќе се одвива преку агенција за привремени вработувања, како ангажирани по договор на дело. Работното ангажирање на пензионерот е дополнителен приход покрај исплатата на редовната пензија, како остварено право.

Условите ги утврдуваат договорните страни, независно од Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. На огласот можат да се јават пензионерки од Скопје. Пожелно е да бидат пензионери од Кисела Вода, Лисиче и Центар, но може и од другите делови од градот. Оваа е убава можност за „вработување“ на пензионерките со ниски примања, кои се работоспособни и во добра здравствена состојба.

Заинтересираните потребно е да се јават на телефонот **078 204 287,** или на адресата **soncevakuka@gmail.com**

Сојузот дава поддршка за ваквото дополнително вработување на пензионерки од скопските здруженија во кои живеат околу 90 илјади пензионери. Вакво вработување на пензионерки има и во нашето опкружување и пошироко. **Напомнуваме: Известувањето за „вработување“ на пензионерки во Домот за стари лица „Сончева куќа“ во Сопиште, Скопје е поместено и на веб-страницата на СЗПМ.**

**СЗПМ**

# Маиците на спортистите од шестиот регион



Сите пензионери, спортисти на натпреварите од шестиот регион беа облечени во разнобојни маици, кои претставуваа спектар на бои. На натпреварите учествуваа Здруженијата: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип и Злетово.

**СЗПМ**










**ФОТО ВЕСТ**

# Пазар - нема што нема!!



„Ајде овде германска стока!“, „се по педесет денари, ајде народе уште денес и затвораме“, „тотална распродажба“, „одлични работи ќе најдете само овде“, „овде стока од Швајцарија“ – „повелете, повелете“, „за малку пари ќе ја наполните домашната кошница со работи за дома!!“

Вакви и слични на овие „тука смислени“ рекламни извици, без видеоснимки и безспотови, ами лично, се разбира кога е убаво времето, се слушаат секоја среда и сабота на пазарот за „Сè и сешто“ тука зад новата катна гаража во Прилеп. Сакате гардероба, чевли, чизми, алати за секојдневна домашна работа, велосипеди, кокошки и петли, зајаци, јајца домашни тогаш снесени од домашни кокошки, гулаби, сè што ќе му потреба на човек ќе се најде тука. А, меѓу продавачите има и пензионери, кои го надополнуваат пензискиот џеб со некој денар повеќе од продаденото, или зависно од купеното поевтино, отколку во продавница, или некој маркет за алати и машини. Продавачите знаат како да ги подредат алатите и сè друго што нудат, зависно од сезоната.

**К. Р.**

# Брод што плови на сончева и ветерна енергија



Додека трката за изградба на крузери без емисија на јаглероден диоксид продолжува, навидум од никаде, на сцена стапува брод.

Француската компанија Селар гради луксузен брод долг 70 метри, кој ќе плови низ Арктикот во 2026 година, користејќи сончева и ветерна енергија. Овој „безимен“ брод, со речиси нула емисија на јаглероден диоксид, специјално е дизајниран за ладни, северни води. Неговата изградба започнала во Маурициус во бродоградилиштето CNO. Бродот има 5 јарболи на кои има соларни панели со површина од 2 000 квадратни метри. Едрата може да се преклопат кога е потребно и се дизајнирани да ги издржат „најтешките временски услови“ бидејќи се направени од алуминиум. Кога едрата не може да се користат на ветрот, се користат две вратила на пропелери за производство на енергија и дејствување како хидротурбини.

Бродот е дизајниран за максимум 36 патници и има 19 кабини. На бродот ќе се нуди свежо уловен арктички лосос, локални алги, сезонски деликатеси, нордиски колачи и друго, а на бродот ќе има и спа, велнес, фитнес и рекреативни објекти. Ќе има и скии, снежни чизми, опрема за незаборавно нуркање...

Од компанијата Селар истакнуваат дека нема да застанат тука. Нивната цел е во иднина да го прошират возниот парк, што е можно поблиску до нулта емисија на штетни гасови, но и да создадат незаборавни искуства од патувањето.

**Л. М.**

# Калинка - скапоцено есенско овошје



Калинката, иако понекогаш изгледа како тешко овошје за чистење, со малку труд станува вистинска есенска суперѕвезда. Ова овошје, со древно потекло, носи повеќе од само убав изглед и свеж вкус – станува збор за овошје полно со лековити својства, кое заслужува редовно место во вашата исхрана.

Калинката е едно од најстарите култивирани овошја во светот, со корени кои датираат од 6000 година пр. н.е. Нејзиното присуство е втиснато во грчката митологија, а за Месопотамците, стеблото на калинката било сметано за свето. Јапонската култура ја сметала калинката за овошје кое ги брка лошите духови, додека според исламските легенди, секоја калинка содржи зрно кое потекнува од рајот.

Кралската историја, исто така, не ја заобиколила калинката. Кралицата Изабела I, при освојувањето на Гранада во 1492 година, ја користела калинката како симбол на своите територијални амбиции, изјавувајќи: „Баш како оваа калинка, ќе ја освојам Андалузија зрно по зрно“. Кралот Хенри IV од Франција, исто така, ја користел калинката како симбол на мирот и благосостојбата.

Но, зошто калинката била толку ценета во минатото и зошто е важна и денес? Ова овошје е опишано како „најлековито“ поради своите неверојатни здравствени својства. Калинките се преполни со антиоксиданти кои помагаат во влажнување на воспалителните процеси, задебелувањето на артериите и го заштитуваат срцето. Некои истражувања дури сугерираат дека калинката може да помогне во борбата против ракот. Иако истражувањата сè уште се во тек, постојат докази дека калинката го намалува протокот на крв кон туморите, спречувајќи ги клетките на ракот да се хранат и размножуваат.

Покрај тоа, калинката се истражува за нејзината способност да го забави растот на ракот на простатата, белите дробови, дојката и дебелото црево. Една од нејзините клучни компоненти, елагинската киселина, е моќен антиоксидант кој го стимулира производството на колагенот. Повеќе колаген значи помалку брчки и поздрава кожа.

Со оглед на многубројните здравствени придобивки што ги нуди калинката, ова овошје не е само симбол на историјата, туку и клучен сојузник за модерното здравје.

**Б. А.**

## Цитати за простување

„Сè додека сакате, простувате“. – Франсоа де Ларошефуко

„Да се греши е човечко, да се простува е божествено“. – Александар Поуп

„Простувањето е повторно откривање на отуѓениот имот – мизантропија, продолжено самоубиство; егоизам, најголемата мизерија на суштеството“. – Фридрих Шилер

„Кога нè сакаат, жените ни простуваат сè, дури и на нашите злосторства. Кога нè не сакаат, не ни простуваат. Дури ни на нашите доблести“. – Оноре де Балзак

„Кој простува злосторство станува соучесник во него“. – Волтер

„Лесно ќе му простиме на дете кое се плаши од темнината. Вистинска трагедија се луѓето кои се плашат од светлината“. – Платон

„Луѓето простуваат сè освен искреноста“. – Матош

„Можам да простам, но не можам да заборавам, тоа е друг начин да кажам дека не можам да простам“. – Хенри Вард Бичер

„Нема одмазда толку слатка како простувањето“. – Билингс

„Никогаш не простувам, но секогаш заборавам“. – Артур Балфор

„Ништо не е толку понижувачко како да сакаш некого до тој степен што можеш да му простиш“. – Цери Хол

„Прости си? Не, не успева: треба да ни биде простено. Но, тоа е можно само ако можеме да си простиме“. – Даг Хамаршелд

„Простете им на вашите непријатели, но не заборавајте ги нивните имиња“. – Кенеди

„Секогаш простувај на друг, но никогаш на самиот себе си“. – Сенека

„Вистинското помирување никогаш не е евтино, бидејќи се заснова на прошка, што е скапа. Простувањето повторно зависи од каењето, кое се заснова на знаењето за лошо дејствие, а со тоа и на откривање на вистината. Не може да се прости она што не го знае“. – Дезмонд Туту

„Простувајќи, човекот се издига над оние што го навредуваат“. – Наполеон Бонапарта

„Слабиот не може да прости. Простувањето е квалитет на големите“. – М. Ганди

„Жената ќе му прости на мажот и на најсериозните пороци, но жената не и простува на друга жена дури и на нејзините најголеми доблести“. – Јован Дучиќ

**Подготвила М. Белева**

## КРСТОЗБОР

| СЗ ПМ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | СЗ ПМ | 7 | 8 | 9 | СЗ ПМ | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | | | | | | 17 | | | | 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | 20 | | | | | | | | 21 | | | | |
| 22 | | | | 23 | | | | | 24 | | | | | 25 | | | |
| СЗ ПМ | 26 | | | | | | 27 | | | 28 | | | | | | 29 | |
| 30 | | 31 | | | | | | 32 | | | 33 | | | | | | 34 |
| 35 | | | | 36 | | | | | 37 | | | | | 38 | | | |
| 39 | | | | | 40 | | | | | | | | 41 | | | | |
| 42 | | | | | | | 43 | | | | 44 | | | | | | |

**Хоризонтално:** 16. Месечни примања на пензионерите; 17. Ознака за градација на вискозитет на моторно масло; 18. Женско име; 19. Старогрчки бог на љубовта; 20. Жена – лозар; 21. Меѓународна заштита на странци, лица без државјанство и бегалци; 22. Килоелектронволт (крат.); 23. Меко ткиво што ја исполнува внатрешноста шуплина и каналите на забите; 24. Голема планинска верига во Европа која се протега низ 8 земји со должина од 1200 км и највисокиот врв Мон Блан висок 4808 м.; 25. Гинеколошко–акушерска клиника (крат.); 26. Денешното име на Тајланд; 27. Автознак за Македонска Каменица; 28. Волумен на објектот издаден над улица или двор; 29. Првата буква; 30. Знак за грам; 31. Пеликан; 32. Единица за електричен отпор; 33. Еден од индијанските народи во Јужна Америка; 35. Крал (франц.); 36. Руско машко име; 37. Град во Алжир; 38. Англиски сликар, Џорџ (1781–1829); 39. Шпански фудбалер, Фернандо (1968); 40. Шпански фудбалер, Марко (1996) ;41. Град во Германија; 42. Првенство, прво место во ранг; 43. Уметност, вештина (франц.); 44. Женско име.

**Вертикално:** 1. Река во Србија; 2. Кривоверство; 3. Лица кои се занимаваат со новинарство; 4. Авиократенка за Јужноафричката Република; 5. Сврзник; 6. Стаклен покрив низ кој влегува светлината; 7. Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија (крат.); 8. Ад акта (крат.); 9. Одреден временски период; 10. Поранешен грчки олимпиец, претседател на Грчкиот и Европскиот олимписки комитет и член на МОК, Спирос (1955); 11. Знак за алт; 12. Музичка нота; 13. Изѕидан; 14. Името на канадската глумица и сценарист Вардалос (1962); 15. Дел од верига; 17. Данска мерка за количини во парчиња; 18. Килолитар (крат.); 20. Бугарски политичар и математичар, Соломон (1956); 21. Рибини јајца; 23. Место во Кина; 24. Автознак за Котор; 25. Хемиски симбол за европијум; 26. Инфлуенца, вирусна инфекција; 27. Метален сад на кантар; 28. Хранителен продукт; 29. Коска меѓу карличната и бедрената коска; 31. Скандинавска ситна пара; 32. Мајката на Ромул и Рем според митологијата; 33. Хемиски симбол за силициум; 34. Река во Босна и Херцеговина; 36. Десна притока на Иртиш; 37. Народна Република (крат.); 38. Автознак за Карловац; 40. Самогласка; 42. Знак за тона.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение: Пензии, САЕ, Калина, Ерос, лозарка, азил, кев, пулп, Алпи, ГАК, Сијам, МК, еркер, а, г, несит, ом, арчак, роа, Инар, Асла, Доу, Перо, Асенсио, Келн, примат, арт, Станка.**

## Хумор

Трпана ја застанале на улица да одговори на анкета:
– Добар ден Госпоѓо, дали сте мажена?
– Да.
– Според Вас, што е најважно за да опстане бракот?
– Дефинитивно вниманието...
– А зошто вниманието?
– Па морам да внимавам да не ме фати маж ми!

* * *

Го застанала полиција Трпе и му се обраќа:
– Господине, возачка немате, прва помош немате, појас немате... Кажете што имате?
– Имам 50 евра.
– Па така кажете, човек треба со клешти да ви ги вади од џебот...

* * *

Трпана лута му се дере на Трпе:
– Ѓубре едно! Си спиел со сестра ми!
– Ама не е така, се збунив, ве помешав...
– Па како успеа бе? Јас сум црнокоса а таа е русокоса?
– Ама презимето ви е исто.

* * *

Трпе на телефон со брза пошта:
– Кога ќе ми ја донесете праткатa?
– Помеѓу 9 и 16 часот. А вие на кој кат бевте?
– Помеѓу 1 и 12 кат...

* * *

Двајца работници вработени во јавно градско претпријатие: Едниот копа дупки, другиот зад него ги затрупува.
Еден случаен минувач ги забележува и прашува:
– А бе ти зошто ги копаш тие дупки, кога вториот зад тебе ги затрупува?
– Тој не е вториот, туку третиот. Вториот е на одмор, инаку тој ги ставаше дрвцата...

* * *

Анкетар го прашува Цветко:
– Какво е вашето мислење за секс на работно место?
– Никакво. Прво јас сум оженет човек, а како второ изборот е никаков...
– Извини, а каде работиш?
– Работам од дома...

* * *

– Мора да те предупреду дека муж ми се враќа за 1 сат.
– Ама ја ништо не праву!!!
– Е б'ш тој, време си прова̀ѓа...

* * *

Трпе му се жали на Цветко:
– Излегов со една на кафе и почна да нарачува: Кафе, Пица, Вино, Тирамису...
Па ја прашав:
– Што не ја зеде и сметката за струја да ти ја платам?

* * *

Малиот Трпе го прашува татко си:
– Тато, што се Европски фондови?
– Тоа се пари земени од сиромашните во богата држава кои се даваат на богатите во сиромашна држава.



# Дали македонското општество е солидарно со пензионерите?

**Што правиме за да им биде секојдневието на пензионерите поведро? Дали македонското општество е солидарно со пензионерите? Дали е доволно само да се покачи пензијата? Дали е тоа единствен начин за грижа за пензионерите?**

За да фрлиме повеќе светлина на третата доба, одговори на овие прашања побаравме од самите пензионери. Тие најдобро знаат што им треба бидејќи секојдневно се соочуваат со предизвиците на ниските пензии и на постојаниот раст на животните трошоци. Додека се справуваат со овие прашања, многу малку време им останува третата доба да ја исполнат во спокојна атмосфера, во дружба и со активности за кои додека биле вработени немале доволно време.

А волја, па дури и активности за тоа, имаат многу. Во тоа се уверивме во разговорите со нив.



Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова вели „треба и други мерки, во делот на здравството, во делот на социјалното домување, да бидат ослободени од сите видови партиципација во здравството".

Трајкова укажува дека во Словенија пензионерите се целосно ослободени од партиципација во сите степени на здравството.

**„Системски тоа треба да се реши. Сега функционира на принципот на пилот-проекти. Еве да речеме Општина Центар има таков проект, ама не е тоа решение. Треба да има системско, долгорочно решение каде што ќе се знае кој финансира, кој ги дава услугите, што треба да избере пензионерот, колку ќе биде сигурен. Тоа треба да се направи", препорачува Станка Трајкова, претседателка на Сојузот на пензионерите.**

Во последните години Сојузот, но и општинските здруженија на пензионерите, развиваат различни програми за поддршка, како што се програмите за економско зајакнување на пензионерите и за развивање на солидарноста меѓу нив, но и за поттик на општествената одговорност кон нашите највозрасни граѓани.

Така, на пример, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и компанијата „Веро" на почетокот на август оваа година склучија меморандум за соработка за вработување со договор за дело на пензионерите со цел подобрување на нивниот материјален статус на корисниците на пензија.

Ангажманите на пензионерите за работа на дело како акцијата на СЗПМ и на Веро ја следат и во општинските здруженија. Митко Стојаноски, претседател на Здружението на пензионерите во Ѓорче Петров вели дека тоа се добри иницијативи. И ЗП Ѓорче Петров има искуство во ангажманот на пензионерите во општината во делот на општополезната работа, вели Стојаноски.



**„И од општополезната работа како што е кај нас, Општината е задоволна од пензионерите што се ангажирани на хигиената на улиците и јавните површини, за косење трева и друго што и да било. Имаме околу 10-15 пензионери ангажирани на таа работа и тие се презадоволни. Исто така, имаме ангажирано пензионери што ги чуваат градинките како ноќни чувари, пензионери што ги чуваат школите. Значи тој сегмент кај нас во Ѓорче Петров ангажира мал број, реков од 15-20 пензионери, но сепак за 20-тина семејства буџетот, домашниот буџет се зголемува", информираше Митко Стојаноски, претседател на ЗП Ѓорче Петров.**

Овие дополнителни активности на пензионерите, освен економското зајакнување на овие наши граѓани им обезбедува и една дoдадена вредност, како што е на пример меѓугенерациското поврзување и вклучување.

**„Мојата внука студира на Њујоршкиот универзитет 'Њу Универзити', и преку лето работеше во еден маркет. Таа ми вели: 'Јас работам со баби над 80 години коишто се многу интересни. Јас од нив многу работи научив'. Ете, тоа е еден пример каде што имате една меѓугенерациска поврзаност и солидарност и тоа ќе продолжи и понатаму", вели Трајкова.**

Во Општина Ѓорче Петров, околу 1 500 пензионери се од категоријата со најниски пензии од 13 до 15 илјади денари. Тие добиваат еднаш годишно по 2 илјади денари, а за пензионерите од општината, вели претседателот Митко Стојаноски, издвојуваат средства за лекарства или за посериозни здравствени зафати, операции и слично за овие нивни сограѓани.

Имаат соработка и со волонтерите на општината кои им помагаат на пензионерите, одење на лекар, плаќање сметки во банка, пазарување, чистење по дома.

Она што заслужува внимание е нивната иницијатива да организираат волонтери и волонтерски активности како иницијатива на здружението и на членовите пензионери.

**„Ние сме првото здружение во државата со своја програма за волонтерско работење. На доброволен, на еден хуман принцип нашето здружение направи, за нашите пензионери, бидејќи поголем дел од младите деца се иселија, заминаа во странство, останаа пензионерите сами дома и нема кој да им помогне. И сега, ако не си помогне пензионер на пензионер, кој кому ќе му помогне. Нема кој. И затоа ние преку комисијата за здравство направивме правилник за волонтерство", ни рече Стојаноски.**

Станка Трајкова од СЗПМ потсетува дека волонтерскиот активизам дојде до израз за време на ковид–кризата, а потоа, откако се препознаа придобивките, започнаа активности за афирмација и за развој на доброволните акции на пензионерите за пензионерите.

**„Тогаш си помогнаа самите пензионери, а пензионерот знае дека ако тој му помогне на другиот, може да се доведе во ситуација и на него да му треба помош и може да побара да му помогне неговиот другар пензионерот", истакнува Трајкова за солидарноста меѓу пензионерите.**

Духот на солидарност, на емпатија и за меѓусебна поддршка најдобро може да се види во самите клубови на пензионерите или на дружбите што по различни поводи и прилики ги организираат во рамките на нивните здруженија.

Митко Стојаноски, претседател на ЗП Ѓорче Петров, раскажува за многубројните и секојдневни активности во сите нивни огранoци во Општина Ѓорче Петров.

Од секојдневните дружби во секциите на пензионерите, до меѓуопштинските, регионалните и меѓународните иницијативи кои ги исполнуваат деновите на пензионерите со радост и со активности.

Пензионерите од Ѓорче Петров на гостувањето во Љубљана, во Словенија, на 1 октомври 2024 година, на Денот на старите лица, ја воодушевиле тамошната публика и нашите иселеници со игроорната и хорската секција на здружението.

Го прашавме Стојаноски што ги прави пензионерите од Ѓорче Петров толку добри игроорци о песнопојци.

**„Климата и воздухот, најверојатно. Тука ни се блиску Вардар, Треска, Лепенец, дува некоеси ветре и затоа луѓето се среќни и радосни. Во тој сегмент, песната и играта ги растоварува луѓето од секојдневните проблеми. Преку овој вентил ги надминуваат сите свои тешкотии", открива Стојаноски.**

Пензионерите од Ѓорче Петров на регионални спортски натпревари редовно учествуваат со 30 до 40 членови на друштвото во сите дисциплини.

Оваа година во дисциплината шут на кош женскиот кошаркарски тим на здружението го освоил првото место и златен медал.

Имаат склучено меморандуми за соработка со неколку бањи во државата каде што имаат попуст од 10% до 20%.

Одат на излети со минимална партиципација, а од тие средства се прибира доволно за една бесплатна екскурзија. Така, некои од нив за првпат беа во Солун.

Станка Трајкова, претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија вели дека 88 000 пензионери примаат најниска пензија, и прашува зошто да нема субвенции од страна на државата, зошто да не им се помогне на оние пензионери што не можат со такви пензии да си го платат сместувањето во приватните домовите за стари лица. Во приватните, се разбира, зашто во државните одамна нема место. Знаете ли кога е изграден последниот државен дом за стари лица? Пред 40 години.

Сите овие прашања се тука за да не потсетат дека ни треба повеќе јавност за прашањата на пензионерите. Да се промовираат темите за пензионерите, да не ги заборавање, зашто тие се тука меѓу нас, а и ние сите еден ден ќе бидеме пензионери.

**Зоран Бојаровски (Рацин мк)**

---

ЗП Битола

# Едукативна работилница

На 12.11.2024 година Отсекот за превенција при СВР Битола заедно со Полициската станица Битола на пензионерите од ЗП Битола им одржаа едукативна работилница за семејното насилство.

Покрај едукативно–информативниот карактер, целта на активноста е заштита и спречување, односно намалување на бројот на секаков вид семејно насилство.

Жртва на насилство може да биде секој, без разлика на пол, раса, возраст. Живеејќи во патријархално структурирано општество, сметаме дека треба да ги доглеадаме старите лица, исто како што тие нè гледале нас кога сме биле деца. Многу често старите лица остануваат во семејната куќа со нивните деца, а тие за возврат се грижат за нив. Пренмогу обврски, динамично секојдневие, стрес и ниско ниво на толеранција доведуваат до насилство во домот. Постариот син или снаа ја користат пензијата на нивниот татко или мајка со цел да се покријат месечните трошоци и да се купат потребните лекови за нивното здравје. Но, наместо тоа, тие ги криат месечните примања на нивните родители и не им даваат ни дел од нив.

Многу често и внуците се појавуваат во улога на корисници на нивната пензија, со безброј условувања. Како почести жртви на насилство по основа на пол се јавуваат жените. Однесувањето на сторителот може да се поврзе со биолошките карактеристики, односно жените се физички послаби и обично не можат да се одбранат. Но, и мажите многу често се во улога на жртви. Старите лица што доживуваат семејно насилство не го пријавуваат бидејќи не знаат како или постои тотална спротивност – го оправдуваат насилството на синот или ќерката.

Не секогаш е правило дека старите лица мора да се жртви на семејно насилство. Не сите стари лица имаат фамилија со која живеат во заедништво. Некои се одделиле од своите деца, други се целосно осамени – го изгубиле нивниот животен сопатник, некои пак и покрај тоа што се имаат со својот партнер, се во поодмината возраст и во лоша здравствена состојба. За жал, зголемен е бројот на опљачкани семејни домови, а при самиот чин на ограбување се случува и физичко и сексуално насилство, кои во најголем дел имаат и грозоморен крај – убиство.

Старите лица го криат семејното насилство од внуците или сопствените деца.

Наместо да им го огорчуваме животот и да им го уништуваме здравјето, да ги посетуваме почесто. Старите лица сакаат внуците и децата да се грижат за нив. Сакаат да се присетат на добрите денови кога биле помлади и се грижеле за нивниот раст и развој. Секогаш имаат понекоја добра мудрост да кажат или некоја смешна приказна, па заедно до солзи се смеат со нас. Заедничкото разгледување на семејниот албум им буди позитивни емоции и среќа.



Секоја баба и дедо се достоинствени и се заслужни за почит и внимание затоа што во себе имаат собрано низа искуства и животни приказни кои можат да ни го направат животот полесен и поучен!!!

Полицијата е секогаш со вас доколку се охрабрете и случајот го пријавете.

„Секој има право на живот без насилство".

**Д. Петличкова**

---

ЗП Тетово – Пензионерите и екскурзиите

# Можност за многубројни посети и меѓусебни запознавања

Екскурзијата е организирано патување од група луѓе, што вообичаено се одвива во слободното време, со цел посета на некое место, понекогаш за работа, рекреација или за друга цел. Екскурзиите се реализираат за образовни побуди, бизнис, за неколкудневни одмори, а кога се работи за пензионери треба да се има предвид дека имаат сосема други цели.

Пензионерските здруженија во своите годишни програми предвидуваат организирање и реализирање екскурзии во земјата и во странство. Обично се еднодневни, но напати се организираат и повеќедневни екскурзии. Како активност на здруженијата тие треба да се организираат и спроведуваат на најдобар можен начин бидејќи учесници се луѓе од третата доба, со поголема чувствителност кои бараат специфични услови на патување, на шетање и на сместување по хотели, а пак дел од пензионерите се соочуваат и со здравствени проблеми.

Основна цел на организирање на екскурзија е посета на градови и месности. На овие посети, се воспоставуваат многубројни познанства со локалните луѓе, се постигнува блискост, се запознаваат културно–историски локалитети, итн.

Друго што е важно за пензионерските екскурзии се огледа во бегството од монотонијата. Кај повозрасните лица има периоди на едноличност и тие посакуваат барем дел од времето да го поминат на друго место. На овој начин го освежуваат своето паметење, се опуштаат и се напојуваат со нова животна енергија.

При реализација на екскурзиите, пензионерите покажуваат желба за фотографирање на локалитетите кои ги посетуваат. По враќање дома, создаваат архива на спомени, навраќајќи се на доживеаното за време на престојот во други градови или земји.

Да забележиме дека на овие патувања пензионерите закрепнуваат како физички така и духовно. Создаваат нова телесна енергија бидејќи доста пешачат откривајќи нови места, мириси и вкусови. Едновремено, сето тоа е благодат и за нивното ментално здравје.

Поради фактот што екскурзиите претставуваат неодминлива активност за третата доба, здруженијата на пензионери секоја година изготвуваат програма за реализација на патувањата и вложуваат додатни напори овие можности да се искористат од пензионери со ниски примања, како и од тие кои претходно не биле вклучени во овој вид пензионерско организирање. Пожелно би било да се организираат и заеднички патувања со други пензионерски здруженија. Оваа форма би им овозможила на пензионерите од разни краишта на земјата да се запознаат меѓусебно, да разменат мислења и да создадат темел за други вакви средби во иднина.

**М. Мурсели**